Општина Струга

УНДП Локално управување за одржлив човечки и економски развој

# СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ 2006–2011

# ОПШТИНА СТРУГА

Струга, мај 2007

Изработката и печатењето на Стратегијата за одржлив развој се поддржани од Програмата за развој на Обединетите Нации – УНДП, финансирано од Владата на Финска

**Подготвиле**

**Локален тим за оддржлив развој на општина Струга**

**Лектор**

**Виолета Танчева Златева**

**Дизајн, прелом и печатење**

**Apolo Images**

**ISBN.....**

**Проект**

**Локално управување за оддржлив човечки и економски развој**
**MCD/13527**

**Ул. Никола Вапцаров 2/4-4, 1000 Скопје**
**Тел: (389 2) 32 44 108**

**Тим за поддршка на УНДП**

**Софија Граматова Ристовска**
**Ирена Мицајкова**
**Димче Дамјановски**
**Јасминка Поповска**
**Катерина Василеска**
**Генци Мухареми**
**Ѓоко Милески**

**Иземање**

Ставовите изразени во овој документ се ставови на автори што нужно не претставуваат и ставови на Програмата за развој на Обединетите Нации или Секретаријатот на Обединетите Нации во врска со правниот статус или име на која и да е земја, територија, град или област или за авторите на овој текстот.

# Содржина


**А. Преглед на стратегијата** 5
А.1. Главни предизвици 5
А.2. Главни теми и цели 6
А.3 Акционен План 7
А.4 . Визија 7

**Вовед** 9
**Процес на формулирање на Стратегијата** 10

**I ДЕЛ - ЛОКАЛНА ПРОЦЕНА**

**1. ПРОФИЛ НА ОПШТИНА СТРУГА** 11
**1.1. Општи податоци** 12
1.1.1. Географска положба и релјеф на Струшкиот регион 12
1.1.2. Клима 12
1.1.3. Природни ресурси 13
1.1.4. Население и миграции 14
1.1.5. Екологија 15
**1.2. Стопанство** 16
1.2.1. Број и структура на деловни субјекти 17
1.2.2. Работна сила, вработеност и невработеност 17
1.2.3. Опис на поважните економски сектори 19
1.2.4. Инфраструктура 24
**1.3. Социјален профил** 26
1.3.1. Образование 26
1.3.2. Здравство и социјална грижа 26
1.3.3. Култура (јазик и антропогени вредности) 28
1.3.4. Спорт 28
1.3.5. НВО Сектор 28
1.3.6. Медиуми 29
**1.4. Рурален Развој** 29
**1.5. Регионална Соработка** 29
**1.6. Ингеренции на општината** 29

**2. SWOT анализа** 33

# Содржина

## II ДЕЛ - СТРАТЕШКИ ДЕЛ


| | |
|---|---|
| Визија | 41 |
| Инфраструктура | 45 |
| Одржлив економски развој | 42 |
| Квалитет на животот | 45 |
| Образование | 47 |


## III ДЕЛ - АКЦИОНЕН ПЛАН


| | |
|---|---|
| Резиме | 52 |
| Приоритетни проекти: Инфраструктура | 54 |
| Приоритетни проекти: Квалитет на животот | 68 |
| Приоритетни проекти: Социо-економски развој | 76 |
| Приоритетни проекти: Образование и обука | 81 |
| Матрица на имплементација: Инфраструктура | 87 |
| Матрица на имплементација: Квалитет на животот | 105 |
| Матрица на имплементација: Социо-економски разво | 117 |
| Структура за имплементација и мониторинг на АП | 125 |

# Преглед на стратегијата

Од јули 2005 до јули 2006 во општина Струга беше спроведен процес на стратешко планирање за да се постави основа за нејзин иден развој. Овој процес, беше реализиран во рамките на проектот на УНДП Локално управување за одржлив Човечки и економски развој, а континуирано поддржан од проектната Локална агенција за развој (ЛАР) во Струга.

ЛАР организираше обемни презентации и консултации со локални групи од сите општествени сфери, кои ги истакнаа темите и предизвиците во општина Струга на кои треба да им се обрне внимание и врз чија основа треба да се темели Стратегијата за одржлив развој.

Стратегијата обработува и опфаќа:

- Проценка на тековната економска, општествена и културна состојба во општината (дел 1),
- СВОТ анализа (Дел 2)
- Стратешки план за развој (Дел 3) и
- Акционен план (Дел 4).

## А.1 Главни предизвици

Главните развојни предизвици со кои ќе треба да се соочи локалната власт и останатите актери во локалната заедница - општината се следниве:

- Одржлив економски развој е потребен за да се обезбеди вработување и покачат приходите и можностите во Струга. Во моментот економијата е фокусирана врз традиционалните сектори на туризам, текстилна индустрија, градежништво, шумарство и земјоделство. Додека истите обезбедуваат добра основа за развој, потребен е значителен напредок за да се подобри конкурентноста во секој од секторите и да се прошири економската основа.
- Образованието и обучувањето се значајни придвижувачи на напредокот во општината. Иако во моментот е достапен ограничен број на податоци, постои потреба за подобро усогласување на потребата за квалификации на бизнисите, услугите и администрацијата со подобрен квалитет и изведбата на образованието.
- Туризмот има значаен потенцијал за да биде поттикнувач на развојот. Струга се наоѓа на брегот на убавото Охридско езеро кое е во близина на две соседни земји (Албанија и Грција) и има историја како регион богат со културно-историски настани и туристички активности. Со добро планирање и инвестирање Струга може да стане конкурентен туристички центар на голем број пазари.
- Доброто управување со природните ресурси кои може да се најдат во изобилие во Струга е од суштинско значење за одржлив развој во општината. Охридското езеро, реките, шумите, планините, земјоделска и неземјоделска земја и богата флора и фауна се извори кои ќе го поткрепат целосниот квалитет на животот и одржливиот економски развој.
- Репрезентативните секторски групи, НВО секторот и општинските групи кои функционираат во општината имаат потреба од поддршка и помош за развој со цел повеќе да допринесат како суштински партнери во одржливиот развој на општината. Успешното имплементирање на оваа стратегија бара цврсто јавно, приватно и општинско партнерство.
- Етничката и културната разновидност на Струга и сто така дава богата основа за иден развој, особено кога Македонија и соседната Албанија се движат кон интеграцијата во ЕУ и поблиски односи со сите соседни земји и земјите во регионот. Постојат бројни области за соработка вклучувајќи трговија и транспорт, туризам, културна размена, развој на инфраструктурата и заштита на животната средина.
- Постојат сериозни недостатоци во инфраструктурата на кои треба да им се посвети внимание. Високо на листата се управувањето со цврстиот отпад (вклучувајќи рециклирање), подобрување на водоводните и канализационите системи, санација и доизградба на патната инфраструктура.
- Со новите стратешки планови кои се појавуваат на национално ниво се опфаќаат голем број

тематски области. Струга треба да се вклучи во конструктивни консултациски процеси при формулирањето на овие планови, со цел да допринесе во понатамошсен хармонизиран и одржлив развојот на општината.

## А.2 Главни теми и цели

Стратегијата презентирана во овој документ ја опишува рамката во која се разгледуваат темите истакнати погоре. Стратегијата е групирана во четири главни тематски области:

1. Инфраструктура
2. Одржлив економски развој
3. Квалитет на животот
4. Образование

| Инфраструктура | Образование |
|---|---|
| • Транспорт | • Образование и предшколско воспитување |
| • Патишта | • Образовни програми за ранливите групи (невработени, занаетчии, жени, лица со посебни потреби, стечајци) |
| • Езерски сообраќај | • Граѓански сектор и вмрежување |
| • Телекомуникации | • Бизнис секторот и образованието |
| • Енергија | • Советувалишта |
| • Водовод и канализација | • Доживотно учење |
| • Управување со отпад | |

| Квалитет на живот | Одржлив економски развој |
|---|---|
| • Здравствена заштита | • Систем за поддршка на мали и средни претпријатија |
| • Социјална заштита | • Сектор за развој на Туризмот |
| • Заштита на граѓани | • Земјоделие и рурален развој |
| • Заштита на околината | • Меѓугранична соработка |
| • Култура | • Привлекување на директни странски инвестиции |
| • Спорт | |
| • Уметност | |
| • Природно наследство | |

Главните цели кои треба да се постигнат преку имплементација со стратегијата се :

Модернизирано урбанистичко планирање организирано со цел да ги задоволи потребите на пософистицирана и прогресивна струшка заедница.

Подобрени јавни и приватни инфраструктурни системи и услуги кои ќе го зајакнат деловниот развој и развојот на заедницата во општината.

Развиена мрежа на институционална поддршка која ќе биде функционална обезбедувајќи ефективни, достапни и професионални деловни и развојни услужни дејности за заедницата.

Струга ќе го развива својот потенцијал за да може да учествува во меѓународни инвестициони програми и да привлече директни странски инвестиции .

Граѓаните ќе се поактивни и поспособни да учествуваат во подобрување на квалитетот на живот во општината.

Општинските уметнички, спортски и информативни објекти ќе бидат реконструирани/подобрени.

Здравствената услуга поефикасно и поефективно ќе ја обезбедува потребната здравствена заштита на граѓаните на Струга.

Социјална заштита и системи за заштита на заедницата поефикасно и поефективно ќе ја обезбедуваат потребна поддршка на граѓаните на Струга.

Ќе бидат подобрени капацитетот и разбирањето на потребата за заштита и зајакнување на природна и урбаната средина.

Поразновидното, флексибилното и достапното образование ќе покажува посилна и позначајна поврзаност со деловните субјекти и можности за вработување во општината и поширокиот регион.

Маргинализираните и ранливите групи ќе имаат пристап кон подобрени услуги и системи кои ќе овозможуваат нивна подобра вклученост во донесувањето одлуки и развојот на заедницата.

## А.3 Акционен План

Стратегијата ја дава целосната рамка за одржлив развој во Струга во периодот 2006-2011.

Акциониот план вклучува детални описи на работењето, финансирањето, имплементациските партнери и извршители, резултати и индикатори на влијанието, временски рамки, претпоставки и ризици, итн.

## А.4 Визија

Стратегијата ќе биде успешна доколку се исполни Визијата за секоја од четирите теми:

*Преку подобрено урбано планирање и управувачки процеси Струга ќе има инфраструктура која е соодветна за разновидна, амбициозна и напредна општина и ќе биде во можност да подржи одржлив развој на широка основа.*

*До 2011 Струга ќе покаже силен економски напредок и живост, и ќе се смета за општина со засилен и одржлив бизнис поддржан со ефективни државни и јавни служби за развој.*

*Квалитетот на животот ќе биде подобрен преку подобар пристап кон квалитетни услуги и информации за сите граѓани.*

*До 2011, образованието во Струга ќе биде прилагодено на разновидните потреби на заедницата во процесот на модернизација и развој.*

# Вовед

Струга е една од трите општини, вклуЧени во пилот проектот на УНДП 'Локално управување за одржлив човечки и економски развој'. Проектот, финансиски подржан од владата на Финска, вклучува и изработка на "Стратегија за локален одржлив развор" (СЛОР).

Фокусот на УНДП Проектот "Локално управување за одржлив човечки и економски развој" е ставен врз зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа за ефикасно обезбедување на услуги и развојно планирање, создавајќи поволна средина за економско обновување и овозможување комуникација помеѓу општинската администрација, други јавни агенции и пошироката јавност. Исто така, стратегијата промовира учество на граѓанското општество во процесот на донесување одлуки во општината како гаранција за транспарентност и одговорност на локалната власт.

Важноста на локалниот одржлив развој за меѓународната заедница се рефлектира во различни меѓународни документи за развој. Агендата 21-водич за одржлив развој усвоен на Конференцијата за животна средина и развој на ОН во Рио Де Жанеиро во 1992, ја нагласува улогата на локалните власти и иницијативи во подржување на одржливиот развој. Улогата на приватниот сектор во изградба на капацитети, трансфер на технологија и обезбедување на финансии за локален развој беа истакнати на Светскиот самит за одржлив развој во Јоханесбург во 2002. Денес се смета дека партнерствата помеѓу владите, граѓанското општество и приватниот сектор се од суштинско значење за одржливиот локален развој.

Исто така, Милениумските развојни цели претставуваат глобално партнерство кое се развило од обврските и целите поставени на светските самити од 1990те. Како одговор на главните развојни предизвици и потребите на граѓанското општество, МРЦ промовираат намалување на сиромаштијата, образование, мајчинско здравје, полов квалитет и се стремат кон намалување на смртноста на децата, ХИВ и други болести. МРЦ се збир на цели поставени за 2015 кои може да бидат постигнати доколку сите учесници работат заедно и го извршуваат својот дел од задачата. Владата на Република Македонија ја потпишала Милениумската декларација во 2000 година, со што на Македонија í се дава можност да најде пат до долгорочен развој. Оваа Стратегија за Локален Одржлив Развој е пример на работењето на УНДП која ќе придонесе за зајакнување на партнерството помеѓу општините и промовирање на партиципативните процеси за остварување на МРЦ.

Овој документ вклучува четири стратешки компоненти (тука наречени Стратегија) кои се поврзани и хармонизирани едни со други:

а. Проценка на локална состојба

б. СВОТ анализа – на четири теми: Инфраструктура, Одржлив економски развој, Квалитет на животот и Образование

в. Стратешки дел - Визија, Стратешки цели, Развојни цели и преглед на Програми и Проекти

г. Акционен план

Развојниот процес на Стратегијата идентификуваше приоритетни области и стратешки избори и постави широка основа за економски, општествен и културен развој на Општина Струга за периодот од 2006 до 2011.

Како што Македонија се движи кон интеграцијата со ЕУ, подобрениот капацитет на локалните власти треба да се искористи за интегрирање и хармонизирање на оваа стратегија со тековните европски, националните и регионални развојни политики.

Подготвувањето на стратегијата започна во јули 2005 и заврши во мај 2007. Во процес беа вклучени работни групи составени од претставници на локалната власт, приватниот и граѓанскиот сектор. Групите беа координирани од старна УНДП Локалната Агенција за развој и координаторот на Секторот за Локален Економски Развој - општина Струга. Процесот го водеа еден меѓународен и двајца национални консултанти.

# Процес на формулирање на стратегијата

Подготовката на Стратегијата се одвиваше во пет фази:

**Прва фаза:** Формирање на групи според тематските области и првични состаноци со членовите на групите;

**Втора фаза:** Собирање и анализа на податоци за природните ресурси, инфраструктурата, економијата, системи на социјалан подршка и културни аспекти.

**Трета фаза:** СВОТ анализа (анализирање на Предности, Недостатоци, Можости, Закани) за секоја група одделно;

**Четврта фаза:** Дефинирање на стратегија за секоја тематска област (визија, стратешки цели, развојни цели, програми и проекти);

**Петта фаза:** Интегрирање на одделни СВОТ анализи и стратегии во четири приоритетни области или теми: Инфраструктура, Одржлив економски развој, Квалитет на животот, Образование

Изработката на старатегијата беше постигната преку обемен и долг процесс на јавни дебати, консултации и презентации. Претставници на бизнис секторот, невладиниот и јавниот сектор, како и општинската администрација, учествуваа и постигнаа консензус и политичко одобрување на целокупниот процес, од страна на политичките тела на општината.

Беа формирани седум работни групи кои работеа на следните тематски области:

- i Микро, мали и средни претпријатија (МмСП)
- ii Туризам и угостителство
- iii Рурален развој и земјоделство
- iv Урбано планирање, комунални проблеми и екологија
- v Образование
- vi Култура, спорт и младина
- vii Здравство, социјална заштита, цивилна одбрана и противпожарна заштита

Работните групи организираа сопствен работен распоред, подржан од ЛАР. Консултантскиот тим овозможи програма за обука, подржана од ЛАР и општинскиот координатор. На match коneЧната финалана верзија, претходеше Нацрт верзија, презентација и јавна дебата, по што следуваше усвојување од страна Советот на општината.

# 1. Профил на општина Струга



# 1.1. Општи Податоци

## 1.1.1. Географска положба и релјеф на Струшкиот регион

На крајниот југозапад од Република Македонија се протега Охридско-Струшката котлина, сместена помеѓу планините Јабланица, Беличка Планина и Мокра на запад; Галичица, Петрина, Плаќенска и Илиенска Планина на исток; Стогово и нејзиниот огранок Караорман на север и ридчестиот предел Гора на југ.

Котлината зафаќа површина од 103.407ha.

Струга се наоѓа на 698 m надморска височина.

Сместена е во подножјето на планината Јабланица, во Охридско-Струшката котлина, на северниот брег од Охридското Езеро, непосредно на местото каде се излива реката Црн Дрим од Охридското езеро. Се смета дека уште од старо време постоела мала населба под името Енхалон, од старо грчкиот збор што во превод значи јагула. Подоцна населбата го добива името Струга, што значи речен ракав, притока и тоа на место за риболов.

Струшката Општина зафаќа површина од 5073 ha или 1/3 од вкупната брегова линија на езерото т.е. половина од вкупната површина на Котлината. На оваа површина се наоѓа градот Струга и 50 населени места (Мислешево, Драслајца, Мороишта, Ложани, Биџево, Враништа, Долна Белица, Заграчани, Калишта, Мали Влај, Радолишта, Радожда, Франгово, Шум, Октиси, Вишни, Горна Белица, Дренок, Модрич, Глобочица, Луково, Нерези, Безево, Јабланица, Лакаица, Прискупштина, Буринец, Збжди, Локов, Присовјани, Р'жаново, Селци, Брчево, Богојци, Тоска, Делогожди, Корошишта, Ливада, Мислодежда, НовоСело, Поум, Џепин, Боровец, Лабуништа, Подгорци, Ташмаруништа, Велешта, Горно Татеши, Долно Татеши, Добовјани).

Селата се протегаат :

- Лево од Дрим на источниот подгор на Јабланица селата од Струшки Дримкол и две села на брегот на езерото.
    - Во планинскиот подгор на Јабланица селата од Дебарски Дримкол
- Од десната страна на Дрим се наоѓа пределот Малесија, а посеверно од неа пределот Дебарска Жупа
- На јужниот подгор од Караорман и наработ од полето
- На дното од Струшко Поле

Селата во Општина Струга претежно се од збиен тип.

## 1.1.2. Клима

Според географската положба на Струга, климата односно температурите, можеме слободно да кажеме дека Струга има суптропска клима, но влијаније има со своите воздушни струи и континеталната клима.

Заокружена со планински предели на запад се наоѓа Јабланица, на северо-исток Караорман и на југоисток Галичица, како и отвореноста на Струшкото Поле по долината на реката Црни Дрим и Сатеска кон север, условиле пониски годишни температури.

Максималните воздушни температури во месеците јули и август можат да варираат од 28 C - 33 C. Во летната сезона односно месеците јули и август, температурата на водата може да достигне дури 26, 4 C.

Просечниот број на денови со летна температура на воздухот повисока од 25 степени и на површинскиот дел на водата од езерото од 20 степени, изнесува од 73-78 денови, со најголем интензитет во јули и август.

Во зимскиот период од годината средно месечните температури се над нулата.

Во планиските делови над 1600м.н.в. температурите пониски од 0 степени започнуваат од декември до крајот на март.

### Инсолација

Инсолацијата во Струга и струшкиот регион е мошне висока. Со 2208, 3 часови годишно, Струга го зазема првото место во Република Македонија. Во различните годишни периоди Струга има различен сончев сјај. Така на пример, од месец декември до месец август сончевиот сјај е подолг, а обратно е од месец август до месец декември. Во месеците јули и август просечната



инсолација стигнува од 10 до 12 часа, со што позитивно влијае во општата клима на градот Струга.

### Облачност

Статистичките податоци покажуват дека во Струга и струшката котлина облачноста е најголема во декември и изнесува до 7, 2 часа, а најмала во август кога се спушта 1, 4 часа.

### Врнежи

Врнежите од дожд во Струшката котлина се сиромашни. Просечната количина на дожд изнесува 600-700 mm. А на околните планини достигнува од 2000-2500 mm дожд, тој пример е планината Јабланица.

Во струшката котлина годишно има 96 врнежливи денови во годината, со минимум на летните месеци.

### Ветрови

Географската положба на Струга, отвореноста на струшката котлина, планините околу градот како и близината на езерото, овозможуваат во Струга да дува ветар од сите страни.

Ветровите се делат на постојани и локални.

Во постојаните ветрови спаѓаат ветровите што доаѓаат од југ и од север.

Ветровите од север обично доаѓаат по долината од реката Црн Дрим и носат свежина, ги има низ целиот период на годината, но најчесто во зима.

Јужниот ветер дува обично во март и април, а поретко во мај. Јужниот ветер е погоден за лов на јагула, плашици, грунец.

Локалните ветрови се производ на нееднаквото загревање на копното и езерската водена маса.

Карактеристичен ветер за Охридското Езеро е ветерот Стрмец. Доаѓа од околните планини и затоа е студен, дува преку цела ноќ до изгрејсонце со тивок ветер и полн бран.

## 1.1.3.Природни ресурси

### Хидрографија

На територијата на Охридско-Струшката котлина се среќаваат повеќе видови води. Едни се подземни води, извори и врутоци, други протечни води, а трети природни (тектонски и леднички) и вештачки езера.

Охридското Езеро е сместено во Охридската котлина меѓу варовитата Галичица на исток и Јабланичка и Мокра Планина на запад. Денешнато ниво на езерото се наоѓа на 695 надморска височина, односно пониско од првобитното за 265 метри. Езерото има издолжена форма. Најдолго е во правец север –југ, од Струга до Св. Наум. Околу 40% од површината на дното на езерото се наоѓа под 200 м длабочина.

Езерото се снабдува со вода преку подземните канали низ Галичица од водите на Преспанско Езеро. Најбројните и најбогатите извори (околу 80 извори) се наоѓат меѓу Св. Наум Р. Македонија и Тушемишта Р.Албанија, на должина од 5 км.

Во басенот на Охридското Езеро има околу 50 милјарди m3 вода, а езерото има површина од 348 км$^2$. Реката Црн Дрим е единствениот истек на Езерото.Црн Дрим е регулатор на нивото на водата во езерото. Во долината на Охридско Езеро има две вештачки езера : Глобочица и Дебарско езеро .

Од другите хидрографски ресурси поголемо значење имаат: Црн Дрим, Сатеска, Глобочичкото Езеро, Глацијалните езера на планината Јабланица, Горно-Беличките и Вевчанските извори и врелото Шум.

### Минерали и руди

Во Струшкиот басен постојат фосилни наоѓалишта на камен јаглен и тоа во пределот на селото Пискупштина кој што се експлоатира површински.

Од другите видови минерали познати се карактеристичните видови камен кои се користат во гра-

дежништвото за поплочување, а се експлоатираат во околината на Вевчани.

### Растителен свет

Течението на реката Црн Дрим со нејзината длабока клисура, геолошката подлога, конфигурацијата на теренот, местоположбата и посебните климатски карактеристики овозможуваат опстанок на поголем број растителни видови кои живеат само во овој регион.

Во Струшкото Поле развиена е мочуришна вегетација, а во крајбрежјето на езерото е присутна трската.

Во подпланинскиот раб на Јабланица е распространета виновата лоза, потоа започнува шумата на питомиот костен, над костенот е дабова шума, а над неа букова шума.

На планинските предели се сретнуваат голем број планински лековити, украсни растенија и бројни видови печурки.

### Животински свет

Некои животински видови потекнуваат од далечното геолошко минато и претставуваат вистинско богатство за македонската биолошка наука.

Повеќето видови цицачи со исклучок на малите можат слободно да се третираат како загрозени со опасност од исчезнување на поедини видови.

По околните планини живеат неколку вида крупен дивеч и тоа: мечка, волк, рис, срна, дива мачка, дива коза, дива свиња.

Карактеристични претставници на Струшкиот блатски обалски регион се и блатските птици: чапја лопатар, жерав, црн штрк, дропка и мала дропка.

### Животински и растителен свет во водите на Охридското Езеро

Растителниот и животинскиот свет во Охридското езеро речиси не се изменил од неговото создавање до денес. Станува збор за феноменот – ендемизам што означува видови кои егзистираат само на еден одреден локалитет и никаде на друго место.

Во езерото се застапени околу 146 видови организми. Во водите егзистира еден од најкарактеристичните ендемо-реликтни видови – сунѓерот.

Има вкупно 17 видови риби кои припаѓаат на три групи: пастрмки, бели риби и јагули.

Групата на водоземци ги претставуваат жабите, а групата на влекачите неколку видови водни змии.

Според досегашните податоци флората во Охридско Езеро е застапена со повеќе од 750 растителни видови (алги, лишаи, габи, локвањ).

## 1.1.4. Население и миграции

Според податоците од пописот на население спроведен 2002, во Општина Струга имало 63376 жители. Оваа бројка не е значајно променета во однос на бројот на жители со попис од 1994 (според тогашната административно-територијална организација), кога во тогашната општина живееле 62679 жители.

Во градот Струга живеат 16559 жители

Стапката на наталитетот во 2004 е 10, 2 % (на 1000 жители), а стапката на општиот морталитет изнесува 7, 5 % (на 1000 жители). Стапката на смртност кај доенчињата изнесува 10, 6 ‰. Природниот прираст во бројка е 101, во промили е 2, 7. Со овие податоци општината е под просекот на Републиката.

Миграционото салдо во 2004 година е 6. Притоа како доселени се регистрирани вкупно 223 лица, од кои 152 се доселени граѓани во рамките на РМ. Бројот на вкупно отселените изнесува 217, од кои 150 се отселени граќани во рамки на Р. М. Карактеристично е дека од вкупно отселените граѓани најголем број (113) се од женски пол, а најчести причини за преселување се склучувањето брак и семејните причини (78 и 52 респективно).



Просечната густина на населението изнесува 130, 6 лица на $km^2$.

Бројот на склучени бракови во 2004 година е 288 или 7, 8 брака на 1000 жители и бројка на разводи 12 или 0, 3 разводи на 1000 жители. Во однос на склучените бракови Општината е над, додека во однос на разведените бракови Општината е под републичкиот просек, односно спаѓа во групата општини со најниска стапка на разведени бракови.

Структурата по пол за општина Струга е 31743 (50%) жени и 31633 (50%) мажи.

Просечната старост на населението, според пописот од 2002, изнесува 33, 1 години.

Учеството на младо население до 20 годишна возраст изнесува 36, 2 %, најголемо учество во вкупното население има населението со старост под 40 години 67, 2 % додека процентот на население на д 60 години е 11, 7.

*Структура на население врз основа на национална припадност во Општина Струга*

| **Националност** | **Број на население** | **%** |
|---|---|---|
| Македонци | 20336 | 32 |
| Албанци | 36029 | 56.5 |
| Турци | 3628 | 6 |
| Роми | 116 | 0.18 |
| Власи | 656 | 1 |
| Срби | 106 | 0.16 |
| Бошњаци | 103 | 0.16 |
| Останати | 2402 | 4 |
| **Вкупно** | **63376** | **100** |




## 1.1.5. Екологија

Општината Струга се наоѓа на едно од најчистите езера пребогато со ендемски форми на живот, прекрасни реки, шумовити планини со специфична флора и фауна.

Во 2002 година донесен е и усвоен ЛЕАП документот за општина Струга.

Од еколошки аспект за општината и неговата поблиска околина важат истите забелешки и согледувања кои важат за глобалното еколошко загадување.

Карактеристика за Струшкиот регион е непланска експлоатација на шумите, користење на дрвото и јагленот за добивање топлинска енергија, непостоење на прописна општинска депонија за цврст отпад, недовршен колекторски систем, проблем со регулирање на текот на реката Сатеска, немање соодветна заштита на крајбрежниот појас со трски, слаба контрола и непревзенање санкции против рибокрадците и ловокрадците и др.

Моментално, во сферата за заштита на околината активно функционираат околу 12 невладини организации во урбаниот и руралниот дел од општината. Истите работат во неколку области и тоа:

- во областа на ***биолошката разновидност***, активностите се однесуваат на промоција и заштита и одрживо користење на водните и крајбрежните екосистеми, шумските екосистеми и планинските



екосистеми

- во областа на ***климатските промени*** активностите се однесуваат на енергетска ефикасност и промовирање на користењето на обновливи извори на енергија
- во областа на ***интернационалните води*** активностите се однесуваат на еколошкиот акцент на меѓуграничните водни површини, заканите од површинското и подземното загадување што го одредуваат квалитетот на водите
- во областа на ***деградација на земјиштето*** активностите се однесуваат на :интегрирано управување со водените површини, заштита на земјиштето, пошумување, заштита од шумски пожари и сл.

### Управување со отпад

Отпадот од општина Струга организирано се подига од службите на ЈП " Комунално". Во склоп на претпријатието функционира и цвеќара која се наоѓа во западниот дел на градот и има површина 60 м$^2$. Во селските населби отпадот самоиницијативно се одлага при што се создаваат диви депонии.

Општина Струга нема постојана депонија каде би се депонирал отпадот. Постои само привремена депонија која се наоѓа во непосредна близина на градот.

Привремената депонија не ги задоволува елементарните санитарни стандардни прописи. Депонијата ја нема потребната инфраструктура (вода, електрична енергија) и нема средства за дезинфекција и јама за угинати животни .

Индустрискиот и медицинскиот отпад исто така се депонира во привремената депонија. Отпадот нема никаков технички третман туку само се нивелизира и затрупува со земја и песок.

## 1.2. Стопанство

Според последните локални статистики[1] општина Струга во 1995 година учествувала во општествениот производ на Републиката со 1, 4%, додека по жител остварувала 43, 5 % од просекот на Републиката. Значи, во почетокот на деведесетите години од минатиот век (почетниот период на транзицијата) структурата на економијата била следна: индустријата и рударството 46%, земјоделството и рибарството со 18%, градежништвото со 2, 7%, трговијата со 14, 8%, угостителството и туризмот со 7, 1%, занаетчиството и личните услуги со 2, 2%, станбено-комуналната дејност со 4, 4%, здравството и социјалната заштита со 1, 5 и сите останати области со 3, 3% .

Денес, во недостиг на локални економски статистики, груби оценки можат да се прават само врз основа на компарации на основните економски показатели во однос на националната економија и регионот на кој припаѓа општината. Така, просечната стапка на раст на

1 Општествен производ и национален доход во РМ, 1995 година, по општини, Статистички преглед бр. 283, Скопје, мај 1997 год., Завод за статистика на РМ;

БДП за периодот 1998-2002 за Републиката изнесува само 5, 2%, а за регионот во кој припаѓа општината (Југозападен регион) растот изнесува само 2, 8%. Исто така за регионот, БДП по жител изнесува 4192 САД $ и како таков е понизок од просекот на земјата за 39%. и што е особено значајно просечната годишна стапка на додадена вредност од не-финансискиот сектор во периодот 1998-2002 е негативна и изнесува -1, 1% во споредба со републичкиот просек од 3 %.

Поегзактни анализи за локалната економија можат да се вршат само врз база на податоците за бројот на деловните субјекти според видот и секторите на дејност и според податоците за вработеноста во општината.

### 1.2.1. Број и структура на деловните субјекти

Економската структура на општина Струга, според секторите на дејности е претставена во следнава табела:

| ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ ПО СЕКТОРИ НА ДЕЈНОСТ | | Во % |
|---|---|---|
| ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ЛОВ и ШУМАРСТВО | 86 | 2.60 |
| ВАДЕЊЕ НА РУДИ и КАМЕН | 6 | 0.18 |
| ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | 347 | 10.50 |
| СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС и ВОДА | 3 | 0.09 |
| ГРАДЕЖНИШТВО | 376 | 11 |
| ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО и МАЛО, ПОПРАВКА НА ВОЗИЛА и ПРЕДМЕТИ ЗА ЛИЧНА УПОТРЕБА и ЗА ДОМАЌИНСТВА | 1563 | 48 |
| РИБАРСТВО | 10 | 0.30 |
| ХОТЕЛИ и РЕСТОРАНИ | 251 | 7.60 |
| СООБРАЌАЈ, СКЛАДИРАЊЕ и ВРСКИ | 202 | 6.11 |
| ФИНАНСИСКО ПОСРЕДУВАЊЕ | 5 | 0.15 |
| АКТИВНОСТИ ВО ВРСКА СО НЕДВИЖЕН ИМОТ, ИЗНАЈМНУВАЊЕ и ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ | 115 | 3.48 |
| ЈАВНА УПРАВА и ОДБРАНА, ЗАДОЛЖИТЕЛНА | 29 | 0.87 |
| ОБРАЗОВАНИЕ | 15 | 0.45 |
| ЗДРАВСТВО и СОЦИЈАЛНА РАБОТА | 54 | 1.63 |
| ДРУГИ КОМУНАЛНИ, КУЛТУРНИ, ОПШТИ и ЛИЧНИ УСЛУЖНИ АКТИВНОСТИ | 241 | 7.40 |
| ВКУПНО | 3303 | 100 |

Од табелата може да се заклучи дека според бројот на компаниите доминантна дејност е трговијата (со учество од приближно 48 %), потоа следат градежништвото со 11%, преработувачката индустрија со приближно 11 %, туризмот и угостителство со приближно 8%, другите комунални, културни, општи и лични услужни активности со околу 7 % и се останато со околу 15%.

### 1.2.2. Работна сила, вработеност и невработеност

Работната сила (економски активното население кое го сочинуваат вработените и невработените) во општината изнесува околу 30%. Стапката на невработеност изнесува 30, 4%, а на вработеност 41, 5%.

Стапката на невработеност според регистрираниот број на невработени изнесува 41, 1%, додека фактичката е 30, 4% а стапката на вработеност изнесува 23, 9%.

*Преглед на невработени лица во општина Струга*

| Вкупно | | од 15-19 год | | од 20-24 год | | од 25-29 | | од 30-34 год | | од 35-39 год | | од 40-44 год | | од 45-49 год | | од 50-54 год | | од 55-59 год | | над 60 год | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 9283 | 3592 | 353 | 177 | 1334 | 567 | 1295 | 556 | 1317 | 505 | 1187 | 462 | 1164 | 470 | 1013 | 374 | 805 | 286 | 568 | 168 | 247 | 27 |

*Преглед на Невработени лица според степен на образование*

| Општина | Вкупно | | НКВ | | ПКВ и НСО | | КВ | | ВКВ | | ССО | | Више СО | | Високо СО | | Магистри | | Доктори | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Струга | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| | 9283 | 3592 | 4802 | 2062 | 1051 | 242 | 1221 | 300 | 0 | 0 | 1742 | 768 | 148 | 59 | 315 | 161 | 3 | 0 | 1 | 0 |

*Преглед на Невработени лица според национална припадност*

| Општина | Вкупно | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Струга | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| | 9283 | 3592 | 4301 | 1810 | 3747 | 1413 | 148 | 65 | 101 | 39 | 10 | 3 | 16 | 6 | 960 | 256 |

*Преглед на невработени лица според времето на чекање на вработување*

| Општина | Вкупно | | Под 1 м. | | од 1 до 5 | | од 6 до 11 | | од 12 од 17 | | од 18 до 23 | | 2 години | | 3 години | | 4 години | | 5 до 7 год | | 8 год и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Струга | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| | 9396 | 3613 | 228 | 78 | 820 | 302 | 861 | 334 | 807 | 320 | 591 | 225 | 1069 | 447 | 973 | 436 | 896 | 415 | 1256 | 460 | 1895 | 596 |

*Број на невработени лица во Општина Струга*

| Општина | Број на невработени | Место на живеење | |
|---|---|---|---|
| | | Град | Село |
| Струга | 9283 | 3170 | 6113 |



Од погоре наведените прегледи за структурата на невработеноста може да се изведат следниве констатации;

- Според полот, од вкупниот број невработени лица во општина Струга (9283), жени се 3592 (52%) а мажи се 5691 (61%).
- Според возрасната граница, најмногу невработени се на возраст од 20-24 години - 1334 (14, 37%), па следуваат оние од 30-34 години - 1317 (14, 19%) и оние меѓу 25-29 години - 1295 (13, 95%).
- Според квалификуваноста, најголем број невработени се ниско квалификувана работна сила 4802 (52%), следуваат оние со средно образование 1742 лица (19%), и квалификувана работна сила со 1221 лица (13%), .
- Според националната припадност, најголем број се Македонци - 4301 лица (47%), па следуваат Албанците со 3747 лица (40%) и останати 13%
- Според времето на чекање, најголем дел од невработените чекаат на вработување повеќе години. Така што 20% лица (1895) чекаат на вработување подолго од 8 години, 14% (1256) лица чекаат од 5-7 години, 12% (1069) лица чекаат 2 години.
- Според местото на живеење, 34% или 3170 невработени лица живеат во градот, а 66% или 6113 лица се од селата;
- Невработеноста на младото население (како % од работната сила на возраст од 15 до 24 години) изнесува 69, 1% и со тоа општината е под републичкиот просек, како и под просекот на целиот регион (72, 5% и 75, 4% респективно).
- Најголем број вработени лица има во услужниот сектор, следи индустријата, земјоделието и останати (други)сектори.
- Во општина Струга има 6066 пензионери.

## 1.2.3. Опис на поважните економски сектори

### Текстилна Индустрија

Традиционално Струга е позната како производител на завеси и трикотажа. Оваа стопанска гранка во минатото вработувала најмногу луѓе во општината (околу 3000 лица). Во периодот на транзиција повеќето од поголемите капацитети не успеале адекватно да се прилагодат на новите услови и дел од нив се приватизирале, а дел уште се во фаза на приватизација и рестартирање.

Во меѓувреме се појавија многу мали текстилни фирми кои претежно работеа конфекционирање за познат купувач. Дел од нив прераснаа во лидери на новата текстилна индустрија во Струга .

Краткорочно, оваа индустрија влијае позитивно на намалување на социјалните тензии бидејќи вработува голем број луѓе (околу 1000). Долгорочно, текстилната индустрија има тенденција на опаѓање и не е перспективна.

### Дрвна Индустрија

За стопанисување со шумите во општина Струга одговорно е Ј.П. Македонски Шуми подружница Јабланица. Околу 90% од шумите се во државна сопственост.

До крајот на 90-те години, најголемиот капацитет во општината беше дрвниот комбинат, кој покрај основната дејност имаше и секундарни дејности (паркетара, производство на резана граѓа и преработка на дрвото).

Развојот на дрвната индустрија оди во нагорна линија од 90-те години наваму. Неколку локални фирми имаат поголеми погони за производство на мебел се извозно ориентирани.

Во општината постојат голем број мини-пилани кои произведуваат резана граѓа за градежништвото.

### Градежна Индустрија

Традиционално, Струшкиот крај е познат по своите неимари-градежници кои работеле на целиот Балкански Полуостров и низ светот. Таа традиција во периодот меѓу 1945-1990 била организирана преку неколку големи фирми кои работеле на изградба на инфраструктурата и на големите индустриски капацитети.

Во периодот на транзицијата, големите фирми се приватизираа и се појавија многу нови мини-градежни фирми со потесна специјализација и модерен градежен парк. Поголем дел од сопствениците на тие фирми, искуството го стекнале работејќи во странски градежни фирми. Истовремено се појавија и фирми кои почнаа со производство на современи градежни материјали, како и готови елементи за градежната индустрија.

## Услуги

### Трговија

Во градот и селата функционираат голем број маркети чија снабденоста ги задоволува потребите на потрошувачите. Во централното градско подрачје има еден добро снабден зелен пазар кој просторно и функционално не може да ги опслужи граѓаните и туристите.

### Транспортните услуги

Во општина Струга копнениот транспорт е организиран од страна на повеќе приватни превозници. Сообраќајот со селата се одвива преку линиски превоз на патници од страна на приватни лиценцирани автопревозници.

Воздушните транспортни услуги се одвиват од аеродромот “Свети Павле“ кој се наоѓа на 7 км оддалечен од градот. Постојат редовни летови како и чартер летови за сите поважни светски и европски дестинации.

На 12 км на југо-запад се наоѓа граничниот премин Ќафасан кон Р. Албанија.

Во градот постои Царински терминал каде што може да се врши извозно и увозно царинење на сите видови стоки .

Постојат 3 шпедитерски служби .

### Финансиски и други услуги

Во Струга свои филијали имат најголемите банки во Р. Македонија. Банките кои ги вршат своите финансиски услуги во најголем дел се со странски капитал.

Во делот на финансиските услуги, свои финансиски услуги и своите осигурителни услуги овозможуваат осигурителните друштва кој имат свои филијали во Струга. Осигурителните друштва претежно се со странски капитал.

Во општината свои услуги нудат голем број сметководствени фирми.

На општинско ниво работи Информатички Центар кој овозможува обуки за информатичка технологија за општинската администрација.

Во општината има повеќе приватни фирми кои даваат услуги од ИТ технологијата, интернет и телекомуникации.

За граѓаните достапни се и приватни адвокатски и нотарски канцеларии, како и една регионална канцеларија на судски извршител.

Поштенските услуги се вршат преку Централната Пошта во Струга и 5 истурени пошти во поголемите села.

### Земјоделство

Во општина Струга моментално се обработуваат околу 7000ха обработлива површина и тоа:

- Житни култури на околу 4000 хектари; 1, 5т/ha слама речиси целосно се искористува





- Пченка na околу 1500 ha од што најголем дел отпаѓа на хибридни сорти.
- 1500 ha отпаѓа на другите култури.

Во општина Струга има регистрирано шест земјоделски претпријатија .

Официјално 414 лица се занимаваат со земјоделие, сточарство, живинарство и пчеларство, но вистинската бројка е многу поголема.

## Полјоделство и овоштарство

Главни полјоделски култури се пченицата и јачменот. Според податоците добиени од подрачното министерство за земјоделие, во 2005 производството на овие култури изнесуваше:

| Главни полјоделски култури | Земјоделски претпријатија | Индивидуални земјоделци |
|---|---|---|
| Пченица | 735 тони | 10860 тони |
| Јачмен | 22 тони | 1500 тони |

Потенцијалите на овоштарството се недоволно искористена во струшкиот регион. Најзастапени овошни култури се јаболката и сливите. Во 2005 беа произведени 195 тони јаболка од земјоделските претпријатија и 300 тони јаболка од индивидуални земјоделци.

Вкупните овошни насади изнесуваат 13 ha во државниот и 20 ha во приватниот сектор .

Вкупните лозови насади изнесуваат 64 ha во државниот и 30 ha во приватниот сектор.

## Сточарство

Во 2005 во Општина Струга се регистрирани 5336 грла говеда и 21136 грла овци. Најголем проблем на сточарите е откупот на млекото.

Постојат три приватни ветеринарни друштва.

Во општина Струга има вкупно 7933 ha пасишта.

Во приватен сектор се 1383 ha, а во оптшествен 6550 ha.Од нив високопланински пасишта се 3950 ha и 3983 ha нископланински пасишта .

## Шумарство

На подрачјето на општина Струга, шумскиот фонд е застапен на релативно големи површини. Вкупната дрвна маса на шумите во општина Струга се проценува на 1.962160 $m^3$, со вкупен годишен прираст од 38947 $m^3$. Ј.П. „Македонски Шуми“ ПШС „Јабланица“ стопанисува со вкупно површина од 23787ha, од кои 21511ha или околу 90, 5% се наоѓаат во државна сопственост, додека 2276ha или 9, 5% се во приватна сопственост.Во однос на квалитетот, околу 30, 4 % од шумите со кои стопанисува ПШС „Јабланица“ – Струга се високостеблести, а 69, 9% се нискостеблести. Спред намената 100% од шумите се од стопански карактер. Годишната сеча во ПШС „Јабланица од Струга во последниве години изнесува околу 33000-34000 $m^3$ годишно. Од што:

- околу 27000 $m^3$/год. се огревно дрво (20000 $m^3$/год. бука и 7000 $m^3$/год. се даб);
- 2600-3000 $m^3$/год. е техничко дрво (трупци од I, II и III категорија)

Детален преглед на шумските површини и шуми со кои стопанисува ПШС „Јабланица" –подружница на Ј.П. „Македонски Шуми" е даден во следнава табела:

*Детален преглед на шумските површини и шуми со кои стопанисува ПШС „Јабланица"-Струга*

| Опис | ШСЕ „Караорман" | ШСЕ „Јабланица - Ќафасан" | ШСЕ „Јабланица" | ШСЕ „Глобочица" | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупна површина [ha]** | **5159, 40** | **7656, 90** | **5292, 90** | **5677, 80** | **23787** |
| - државна сопственост | 4665, 40 | 6923, 90 | 4786, 90 | 5134, 80 | 21511 |
| - приватни шуми | 494, 00 | 733, 00 | 506, 00 | 543, 00 | 2276 |
| **Вкупна површина [ha]** | **3541, 00** | **7069, 60** | **4737, 20** | **4156, 00** | **19503, 80** |
| - високостеблести шуми | 1054, 00 | 2943, 00 | 1931, 90 | / | 5928, 90 |
| - нискостеблести шуми | 2487, 00 | 4126, 60 | 2805, 30 | 4156, 00 | 13574, 90 |
| **Дрвна маса [$m^3$]** | **492765** | **749202** | **495873** | **224320** | **1962160** |
| - од високостеблести шуми | 258705 | 443355 | 328277 | / | 1030337 |
| - од нискостеблести шуми | 234060 | 305847 | 167596 | 224320 | 931823 |
| **Годишен прираст** | **10818** | **15187** | **8841** | **4101** | **38947** |
| - од високостеблести шуми | 5653 | 8423 | 3481 | / | 17557 |
| - од нискостеблести шуми | 5165 | 6764 | 5360 | 4101 | 21390 |

## Риболов и лов

Охридското езеро претставува голем потенцијал за развој на риболовот во Општината, но неконтролираниот лов во минатото доведе до драстично намалувања на рибниот фонд од бели риби (пастрмка, белвица) и јагула кои претставуваат главен улов од езерото. Во сила е забрана за лов на овие риби, но и покрај забраната овие риби се ловат од езерото. Бројот на регистрирани риболовци изнесува околу 30, но бројот на лица кои ловат риба без дозвола е многу поголем.

Реката Сатеска постојано донесува мил и наслаги кои се таложат и ги загрозуваат мрестилиштата од пастрмката на Струшкиот дел на езерото со што придонесува за нејзино повлекување и исчезнување од овој дел на Езерото. Покрај пастрмката во езерото егзистираат и крапот, плашицата, мренката, кленот, грунецот, скобусот и др.

Во Општина Струга функционира и вештачко мрестилиште за пастрмка кое се наѓа во селото Шум.

За риболовот карактеристични се и регионите по текот на реката Црни Дрим и Глобочичкото Езеро.

На територија од Општина Струга има со 4 ловишта кои се протегаат на површина од околу 35000 ha. Дивеч кој најчесто се среќава е дивата свиња и прелетниот дивеч, а исто така има и мечка, срна и рис кои се заштитени со закон и се забранети за лов. Во рамките на ловиштата функционира и репроцентар кој е солидна база за обнова на ловниот фонд. Стопанисувањето на ловиштата е дадено под концесија.

## Туризам

Општина Струга како туристичка дестинација располага со афирмирани туристички вредности кои претставуваат значаен туристички потенцијал и чие активирање треба да претставува еден од императивите за севкупниот развој во наредниот период.

Најголеми адути на Општина Струга што се однесува на туристичкиот развој и силниот пробив на меѓународниот туристички пазар се:

- одличната гео-стратегиска положба и релативно добро развиената сообраќајна инфраструктура,
- умерено-континенталната и средоземноморската клима со висок степен на инсолација преку целата година,
- исклучителен фонд на флора и фауна со голем број ендемски форми,
- простори со одлично сочувана природна средина и здрава храна,
- богатото историско минато со огромен број археолошки наоѓалишта и културно-историски

споменици,

- планински масиви со извонредни услови за развој на зимските спортови,
- силно изразената традиција во доменот на гостопримството и фолклорот и тн.

Главната туристичка сезона започнува од средината на месец Јуни и трае до крајот на месец Август и почетокот на Септември. *Езерско-рекреативниот туризам* е најразвиен вид на туризам во Општината и има најповолни услови за понатамошен развој и афирмација.

Можностите за развој на *зимско-спортскиот туризам* се однесуваат на туристичките потенцијали на планината Јабланица врз основа на погодностите на теренот за трасирање на скијачки патеки, врнежите од снег и дебелината на снежната покривка.

Руралниот туризам во Општината има тенденција на развој, што значи дека треба да се создадат услови за негов развој, дефинирање на населбите кои според своите природни, естетски и амбиентални вредности, и со соодветна комунална опременост можат да сметаат за потенцијал во наредниот период.

На Струшката ривиера сместени се значајни хотелски капацитети и тоа: Хотел „Дрим" – 560 легла; Хотел „Бисер" – 216 легла; Хотел „Еуротел" – 1135 легла; Хотел „Скопје" – 130 легла; Хотел „Макпетрол" – 140 легла; Хотел „ Београд" – 135 легла; Хотел „Галеб" – 230 легла; Хотел „Ројал" – 70 легла; Хотел „Принц" – 70 легла; Хотел „Клинтон Палас" 70 легла, Хотел „Дипломат" – 110 легла; Хотел " Плажа" - 64 легла, Хотел "Изгрев" - 578 легла, Хотел "Горна Белица" - 50 легла, Одморалиште за деца "Мајски цвет" - 600 легла, Хотел Солферино (Црвен Крст на град Скопје) 91 легло, Автокамп "АС" - 1.600 легла, Автокамп "Ливадиште" - 1.200 легла, Автокамп "Треска" - 350 легла.

Меѓутоа, како резултат на трансформација на општествениот капитал, дел од хотелските капацитети во последниве неколку години (периодично или контиуирано) биле надвор од употреба. Такви се: Хотел Изгрев – 578 легла; хотел Скопје – 130 легла; хотел Плажа – 64 легла; Еврохотел – 1135 лега. Нивното неработење претставува огромна загуба за стопанството на општината.

*Сместувачки капацитети изразени во број на легла во општина Струга*

| **год.** | **вкупно** | **основни** | **комплементарни** | **индивидуални** |
|---|---|---|---|---|
| **1970** | 828 | 70 | 728 | 50 |
| **1980** | 8460 | 148 | 2414 | 3000 |
| **1991** | 12231 | 3619 | 6187 | 2425 |
| **1995** | 16298 | | | |

Поголем дел од посетителите на Струга се домашни туристи, додека најголем дел од странските туристи кои ја посетуваат Струга доаѓаат од соседните земји: Бугарија, Грција, Албанија, Косово. Вон туристичката сезона најзастапен е конгресниот туризам.

Развојот на туризмот во Струга до осамостојувањето се движел со една динамика, а после осамостојувањето, со трансформација на општествениот капитал, намалувањето на животниот стандард на населението, воениот конфликт во 2001 год. а посебно конфликтите кои се случија на просторите од поранешна Југославија мошне негативно се одразија на развојот на туризмот во нашава земја, а посебно во општината Струга. Ваквата констатација се потврдува и со движењето на туристичкиот промет во општината до 2001.

Но, во последните 5 години, се забележува позитивен (зголемувачки) тренд во однос на посетеноста и бројот на ноќевања во општината што се должи на политичкото стабилизирање на Регионот, збогатување и промоција на туристичката понуда.

*Движење на туристичкиот промет во општината Струга*

| | туристи | | ноќевања | |
|---|---|---|---|---|
| **год.** | **Вкупно** | **Странски** | **Вкупно** | **Странски** |
| **1968** | 9 122 | 809 | 85 915 | 2 838 |
| **1978** | 61 313 | 8 426 | 236 605 | 19 080 |
| **1988** | 103 160 | 12 287 | 567 683 | 63 609 |
| **1995** | 61 042 | / | 324 858 | / |

Туристичка понуда во Општина Струга мора да инкорпорира потполно нов квалитет кој ќе биде резултат на следењето на движењата на меѓународниот туристички пазар, прифаќањето на позитивните искуства од развиените туристички дестинации и рамнотежен развој на економските, еколошките и инфраструктурните елементи. Пред сè, неопходно е збогатување на постоечката понуда со нови производи и услуги, зголемување на удобноста и целосна модернизација на постоечките сместувачки капацитети, темелна трансформација на системите на управување, техничко-технолошко допремување, функционално, содржајно и урбанистичко обликување на атрактивните елементи во просторот.

Сепак, имајќи ги предвид компаративните предности и привлечната моќ на нашите природни убавини и антропогени атрактивности, можеме да очекуваме струшкиот туристички производ, прилагоден кон специфичната туристичка побарувачка и целно насочен кон однапред определени сегменти на туристичкиот пазар, конечно да почне да добива своја сопствена физиономија и имиџ.

Во Општина Струга функционира Туристички Информативен Центар кој е организиран во партнерство на УНДП ЛДА-Струга и Општина Струга. ТИЦ работи на промоција на туризмот во Општината, има подготвена база на податоци на сместувачките капацитети во Општината како и на приватните сместувачки капацитети. Издадени се промотивни материјали за градот (туристички водич, каталог на туристичка понуда, мапи на градот и постери), а во рамките на неговото работење организирани се повеќе манифестации како Првиот Саем на Туристичка Понуда, изложби на локалните уметници, занаетчии и традиционална кујна, презентација на туристичката понуда за 2006 година и др.

## 1.2.4. Инфраструктура

### Патишта

Иако опколена со високи планини, Струга односно Охридско-Струшката котлина е добро поврзана со соседните области и воедно добро пристапна. Од Скопје до Струга може да се пристигне преку Кичево и преку Битола -Ресен - Охрид на северозапад.

По долината на реката Црн Дрим, општината е сообраќајно поврзана со Дебарската Котлина.

На запад преку превалецот Ќафасан и долината на Шкумба е поврзана со Албанија.

Во близина на Општина Струга се наоѓа и Интернационален аеродром.

Струга се наоѓа во југо-западниот дел на Република Македонија и е поврзана со сообраќајниот систем на државата преку развиен систем на патни мрежи.

Општината е поврзана со патните правци према внатрешноста со Охрид, Дебар и кон Р. Албанија - граничниот премин Ќафасан.

Сите селски населби се поврзани со градот, поголемиот дел се со асфалтирани локални патишта, а останатите се неасфалтирани земјени патишта (Малесија и Дримкол). Градежните зафати се изведени пред подолг временски период и истите се со недоволна ширина на коловозот и во голема мера оштетени.

### Енергетика

Дистрибутивната електрична мрежа во Општина Струга опслужува над 22.000 потрошувачи од различни категории преку својата дистрибутивна електрична мрежа која се простира на површина од околу 520 км$^2$. Структурата на потрошувачите на електрична енергија е таква што индустријата учествува грубо со 30%, а останатите потрошувачи како што се домаќинствата и широката потрошувачка со 70%.

Во изминативе години инвестиционите вложувања се одвиваа првенствено во правец на обезбедување високонапонски електрообјекти од примарно значење за изворно напојување на конзумот. Се изгради трафостаница 110/35(20)/10кV, и две трафостаници 35/10 кV. Денес, со полна техничка сигурност може да се каже дека, првостепените по приоритет електроенергетски објекти во процесот на дистрибуција на електричната енергија, т.е. објекти од највисок напонски ред се во добра физичка и погонска состојба и без застои функционираат во континуиран погонски режим. Исто така, во квалитетен погонски режим се наоѓаат и среднонапонските електрични мрежи и далекуводи. Сега вниманието е свртено кон нисконапонската електрична мрежа, онаа електрична мрежа од која најнепосредно се напојуваат со електрична енергија домаќинствата. Овде проблемот на снабдување со електрична енергија треба да се решава со изградба на голем број дистрибутивни трафостаници, а во исто

време треба да се прошируваат и реконструираат постојните, сообразно на зголемените потреби.

Централен и главен високонапонски објект за дистрибутивното подрачје на конзум „Струга" е трафостаницата 110/35 (20)/10 kV, која е со капацитет од 2x40 MVA, а се наоѓа на левата страна од реката Црни Дрим, северно од регионалниот пат Струга-Ќафасан. Оваа трафостаница е приклучена на 110 кV-тниот далекувод Глобочица-Охрид, со двоен 110 кV-тен ДВ со Ал-Че јаже 150 $mm^2$ во должина од 7, 2 км.

Останатите електродистрибутивни трафостаници преку кои се напојуваат потрошувачите со електрична енергија е на број 282, со вкупна инсталирана електрична моќност од 158, 44 MVA. Електричната мрежа која се надоврзува на дистрибутивните трафостаници изнесува 492 км. Од ова само за улично осветлување отпаѓа околу 97 км.

## Хидроелектрани

На територијата на општина Струга има една Хидро Електрична Централа „Глобочица" која е составен дел на Акционерско Друштво за производство на електрична енергија во државна сопственост „Електрани на Македонија" Скопје.

Основна дејност на подружницата е производство на електрична енергија.

ХЕЦ „Глобочица" е изградена во периодот 1961-1965 година и ги користи водите од сливот на реката Црн Дрим преку акумулацијата „Глобочица".

Машинската зграда во која се сместени агрегатите, командната просторија, помошните погони и разводните постројки се наоѓа на околу 30 км од Струга.

## Водоснабдување

Водоснабдувањето на граѓаните на општина Струга, одведувањето на урбаните и индустриските води и пречистување на тие води во пречистителна станица за отпадни води ги врши Меѓуопштинското Јавно Претпријатие „Проаква".

Вкупната должина на водоводната мрежа изнесува 120.000 м. и осум резервоари со вкупна запремнина од 2.210 $m^3$.

МЈП „Проаква" им испорачала на граѓаните на општина Струга 1 569 212 $m^3$ вода и тоа на претпријатија 413 296 $m^3$, а на домаќинствата 1 155 916 $m^3$.

Снабдувањето со вода се врши со зафаќање на повеќе извори сместени во пазувите на планината Јабланица. Овие извори располагаат со здрава и квалитетна вода за пиење.

За санитарната исправност на водата се грижи екипа на „Проаква" која врши перманентна дезинфекција на водата со гасовит и течен хлор.

Контрола на испавноста на водата за пиење врши Републичкиот завод за здравствена заштита од Охрид.

## Канализација и колекторски систем

Отпадните води кои се стވараат во домаќинствата и индустријата со секундарни канализациони мрежи се испуштаат во примарниот колектор и доаѓаат во пречистителна станица за отпадни води каде се прочистуваат до одреден степен и се испуштаат во реката Црн Дрим.

На подрачјето на општина Струга има една збирна пречистителна станица и шест пумпни станици во вкупна мрежа од 14 км.

Со колекторскиот систем не е покриен само потегот од населбата Елен Камен до село Радожда.

Збирната пречистителна станицата може да прифати и опслужи 40 000 $m^3$ вода на ден.

Со примарниот колектор во пречистителната станица за отпадни води се транспортираат 941 566 $m^3$ отпадни води годишно.

Квалитетот на испуштените води се следи во лабараторија сместена на пречистителната станица и одговара на стандардите пропишани од Европската Унија за квалитет на пречистени отпадни води кои се испуштааат во природни водотеци.

Вкупната должина на канализационата мрежа изнесува 1.268.553 $m^3$.

Со канализација се одведуваат 872 950 $m^3$ годишно или 55, 6% од пласираната вода и тоа на претпријатија 297 562 $m^{3,}$ а на домаќинствата 575 389 $m^3$ .

## Телекомуникаци

Фиксната телефонија ја обезбедуваат Македонски Телекомуникации преку својата работна единица во Струга .

Територијата ја покриваат два мобилни оператори и национални Интернет провајдери. Останатите се локални компании кои нудат безжичен и кабелски Интернет.

## Домување и урбано планирање

Општина Струга има 14.485 домаќинства со просечно 3, 5 членови на домаќинство. Од нив 96.5% се опремени со инсталации за водовод, канализација и струја.

За урбаниот дел на општина Струга се донесени генерален урбанистички план и поединечни урбанистички планови за урбанистички единици.Повеќето од нив се ажурирани во периодот 2000-2005. Во финална фаза на изработка се урбанистичките планови за крајбрежниот појас. Руралните населби се уредени врз основа на урбанистичка документација за населени места и други акти кои ги заменуваат урбанистичките планови. Истите се од периодот 1991-2000.

Според податоците од локалната самоуправа, Општина Струга има мал процент на диви градби.



## 1.3. Социјален профил

### 1.3.1. Образование

Образованието во Општина Струга се изведува на три наставни јазици (македонски, албански, турски).

Во образовниот процес вклучена е популација од сите националности, со мал број на лица од ромска популација.

Во образовниот сектор во општината работат вкупно 811 лица.Соодветноста на наставниот кадар задоволува.

Во Општина Струга образованието се одвива на следните нивоа:

- 1 (една) предучилишна установа
- 11 (единаесет) основни училишта и 24 подрачни единици
- 1 (едно) средно државно училиште со следниве струки : градежна, геодетска, хемискотехнолошка, здраствена, економскаправна, текстилно-кожарска струка и гимназија.Во склоп на средношколскиот центар постои интернат за сместување ученици со повеќе од 100 кревети и можност за пансионска исхрана
- 2 приватни средни училишта
- 1 висока образовна институција
- Во општината работат две паралелки за лица со лесна, умерена и комбинирана попреченост и еден Дневен Центар за деца со посебни потреби кој го посетуваат деца со умерена и комбинирана попреченост.

Околу 20 % од учениците кои завршуват основно училиште се запишуват во средните училишта надвор од општината.

Во учебната 2005/2006 се запишани 8076 ученици во основните училишта, 2700 се запишани во Државното средно училиште "Нико Нестор" и 120 ученици во приватното средно училиште.

Во споредба со 1998 овој број е намален, така да во 1998 бројот на запишани ученици во основните училишта бил 10 000 основци. Намалувањето е резултат на фамилијарното заминување во странство .

Во средното училиште учат и ученици од околните градови: Охрид, Дебар, Ресен, Вевчани.

### 1.3.2. Здравство и социјална грижа

#### Здравство

Здравствената заштита на подрачјето на општина Струга се реализира преку работата на 4 јавни здравствени организации (Здравствен дом, Општа болница, Завод за Нефрологија и Здравствен Дом – Вевчани). На територијата на општината има и 12 приватни ординации од примарната здравствена заштита; 2 приватни ординации за специјалистичка здравствена заштита; 15 приватни стоматолошки ординации; 16приватни аптеки.

Во општина Струга има 67.700 здравствени осигуреници, лични 31.044 лица

Изборот на матичен лекар е сопствен избор на граѓаните, додека за децата на возраст до 14 години избор може да врши и родителот.

Со новиот Закон за децентрализација дел од здравството од 2007 треба да премине во надлежност на локалната самоуправа т.н. Примарно здравство, со кое граѓаните најпрво се срекаваат при барањето здравствени услуги. Во состав на локалната самоуправа - Општина Струга би спаѓала новата здравствена организација ЈЗУ (Јавна здравствена установа) Здравствен дом - Струга, согласно законските одредби, како носител на примарната здравствена заштита на граѓаните кои живеат на територијата на општина Струга. ЈЗУ Струга има амбуланти во 8 села.

ЈЗУ Здравствен Дом Струга здравствената дејност ја врши во организациони делови: Општа медицина со итна медицинска помош; Гинекологија и акушерство; Поливалентна патронажа; Детски Болести, вакцинации, советувалиште; Школска Медицина; Медицина на трудот; Анти Туберкулозен Диспанзер; Стоматолошка заштита; Депо на лекови.

Вкупно вработени во ЈЗУ Здравствен Дом Струга се 142.

Фондот за Здравствено Осигурување на Македонија има склучено договор со 12 Приватни Здравствени Организации на ниво на општина Струга.

## Социјална заштита

Јавната Установа Меѓуопштински центар за социјална работа Струга е единствена институција во општина Струга која спроведува социјална политика и заштита на населението. Во склоп на Центарот работат повеќе служби за спроведување на социјалната заштита и тоа:

- Служба за материјални давања (постојана, социјална и еднократна парична помош, сместување во друго семејство, туѓа нега, посебен додаток);
- Служба за нарушени брачни-семејни односи (бракоразводи и средби родител-дете) посредување за помирување, семејно насилство.
- Служба за малолетничка деликвенција (сторители на кривични дела од14 – 18 год.)
- Служба за посвојување на малолетно дете и старателство над малолетни лица кои останале без двајцата родители и старателство над полнолетни лица.
- Служба за општи и заеднички работи
- Служба за доделување детски додаток

*Приматели на парична и друг вид помош по разни основи во 2005 година*

| | |
|---|---|
| Приматели на социјална парична помош | 1449 |
| Примачи на постојана на парична помош | 59 |
| Додаток за туѓа нега | 336 |
| Еднократна парична помош | 859 |
| Лица сместени во дом-семејства | 6 |
| Случаи на семејно насилство | 3 |
| Корисници на детски додаток | 525 лица/1186 деца |
| Помош за опрема за новороденче | 252 |

** Извор: Центар за социјална Работа, Струга*

Во социјалната грижа за специфични категории лица влегуваат стари лица материјално необезбедени или неспособни за работа и лица без семејна грижа. Во 2005 бројот на овие лица изнесувал 60. Посебна категорија претставуваат децата со посебни потреби – 130 деца. Оваа категорија деца се корисници на посебен додаток кој го добиваат преку нивните родители.

Во Струга има Центар за деца со посебни потреби кој е финансиран од Финската Влада до крајот на 2006година.

За категоријата лица со асоцијално однесување (зависници од дрога, алкохол) сеуште не е изнајдено соодветно решение. Не постои Центар за згрижување на овие лица.

Бројот на питачите особено во летната сезона е во постојан пораст и треба да се превземат мерки за негово решавање.

## Заштита и спасување на граѓаните, животните, растенијата и материјалните добра

За безбедноста и јавниот ред и мир во општина Струга се грижи одделението за внатрешни работи – ОВР Струга. ОВР Струга има и четири подрачни станици по селата: Франгово, Велешта, Делогожда и Луково. Состојбата со јавниот ред и мир во градот е задоволителна. Најчести причини за нарушување на истиот се нерешените имотно-правни прашања, а во туристичката сезона се: точењето на алкохол на малолетници, прекршување на работното време и сл.

Постојат неколку приватни агенции за обезбедување на имоти и лица.

Против Пожарната единица-Струга ја покрива територијата на Општина Струга и Вевчани. Лоцирана е на магистралниот пат Струга-Ќафасан и располага со четири противпожарни возила .

Центарот за известување и тревожење е одговорен за откривање и превенција на последиците од природните катастрофи, епидемии и други облици на катастрофи што им се закануваат на луѓето, природните богатства и културно-историските вредности во мирнодобски и воени услови.

## 1.3.3. Култура

### Антропогени вредности

Како најзначајни во групата на атропогените туристички мотиви се културно-историските туристички мотиви . За културната историја на Струга и Струшко се сретнуваат траги уште од неолитот. Откриените артеофакти во крајбежието на реката Дрим и на самото крајбрежието на езерото, покажуват дека од неолит наваму Струга била населба.

Од подоцнежниот период, за грчко –римската епоха податоците покажуват дека во Струга и Струшко се развивало интензивен културен живот одбележан со остатоци на делови од познатата Римска трговска комуникација „Виа Игнација"

Од ранохристијанскиот период од посебно значање се базиликите во с.Радолишта и с.Октиси, а од предримскиот период некрополата во с.Делогожда.

Интересни и доста ретки се и пештерските цркви кои ги има во Струшкиот регион .

Културниот живот кои се одвивал во турскиот период исто така оставил свои траги во Струга и Струшко . Во Струга има исламски световни и религиозни архитектонски градби, изградени за време на Отоманската Империја во Македонија.

Во групата на културно –историски мотиви покрај споменативе, треба да се споменат и спомениците на културата и спомен обележјата, институциите од областа на културата, музеите, галериите, културните манифестации,литературните,музичкитеиуметничките творби .

При Центарот за култура „Браќа Миладиновци" во Струга работи и Народната Библиотека „Браќа Миладиновци".

Значајни културни институции се Спомен куќата на Браќата Миладиновци, Уметничката галерија на Вангел Коџоман, Природно Научниот Музеј " Д-р Никола Незлобински".

Најпозната манифестација е Светскиот фестивал "Струшки Вечери на поезијата" кој традиционално се одржува секоја година од 25-29 август.Неговите почетоци се од 1961 година по повод 100 годишнината од смртта на Браќата Миладиновци кога е издаден и нивниот Зборник.

Од останатите културни манифестации позначајни се: Струшка Музичка есен, Ревија на народни носии, Kenge jeho, Гоцеви денови, Македонски Духовни Конаци кои традиционално се одржуваат секоја година.

### Јазик

Мултиетничкиот карактер на општи Струга е изразен и во јазикот.Општина Струга е мултијазична општина каде се зборуват следните јазици Македонски, Албански, Влашки, Турски, Српски, Ромски.

Службени јазици на кој се одвива институционалното локално комуницирање се Македонски и Албански јазик.

## 1.3.4. Спорт

Во општина Струга активни се спортски клубови во следниве дисциплини: ракомет, кошарка, фудбал, пинг-понг, бокс, карате, едриличарство, кајак-кану, веслање, ватерполо, јога, шах и параглајдинг.

Анализата на состојбата на објектите за спорт и физичка култура во Општината, јасно укажува дека од вкупно 121 објект, најголем дел се отворени игралишта. Повеќето од нив спаѓаат во објекти од трета категорија поради нивната нефункционалност. Само мал број спаѓаат во прва/втора класа и тоа претежно објектите со кои располагаат туристичките организации.

Објектите во најголем дел се во сопственост на Спортските Клубови, дел се на хотелско-угостителските организации, потоа училиштата и мал дел на други јавни претпријатија.

Вкупната корисна површина на истите изнесува приближно 200.000 $м^{2,}$ сметајќи ги просториите кои се пратечки објекти на основните, што значи просечно по жител на Струга му припаѓа 3 $м^2$ . Овие вредности не се однесуваат на т.н. затворени објекти – спортски сали, базени и сл.

## 1.3.5. НВО Сектор

Струшкиот регион ја има следната структура на НВО категоризирани по општата цел: Заштита на животна средина - 12 ; Едукација на жени - 7; Човекови права, млади, демократија и култура -15; Уметност, култура- 6; Лица со посебни потреби - 6 ; Хуманитарни -4; Спорт -2; Социјални работи - 2; Други-15.

Од вкупно 69 невладини организации од Струга, само дел од нив поседуваат основни услови за работа: простор, опрема и човечки ресурси. Невладините организации од овој регион имаат потреба од доопремување и дообучување. Најголемиот проблем што се јавува кај НВО-ите е тоа што не се доволно профилизирани, немаат добра соработка, не се спремни за лобирање и застапување, финансиски се слаби и многу често се случува да работат активности што не се во доменот на нивните мисии и цели за кои и се формирани.

Ваквата ситуација дава лоша слика за невладиниот сектор во нашиот регион како неорганизиран сектор и автоматски невладиниот сектор ја нема соодветната важност како трет столб во општеството (бизнис секторот и политиката).

Центарот за поддршка на НВО Струга дејствува во рамките на граѓанското општество, давајќи придонес кон градењето на цивилниот сектор во регионот на Струга, Охрид и Вевчани.

Центарот им овозможува на НВОите надминување на техничките потешкотии, можности за подобро информирање и соработка со другите НВО од цела Македонија.



### 1.3.6. Медиуми

Во општина Струга постојат две телевизиски станици ТВ Калтрина и Арт Канал, 4 радио станици (Бисер Радио, Дицеј Радио, Радио Струга и Рапи Радио) и дописништва од сите поголеми ТВ и печатени медиуми.

## 1.4. Рурален развој

Руралниот развој е од исклучителна важност за целокупниот развој на општина Струга бидејќи поголемиот дел од Струга е рурален. Во Струга има поголеми рурални центри кои имаат атрибути на урбани населби, кои во иднина можат да бидат генератори на развојот на микро регионите околу нив.

Но, руралните средини се соочуваат со големи проблеми веќе подолго време и тоа: нефункционални месни заедници, миграцијата на населението во градовите и во странство, немање стимулација од страна на државата, немање организиран откуп на земјоделските производи, немање организации на земјоделци, проблеми со инфраструктурата во селата, негрижа за шумскиот фонд, неинформираност за новите технологии во оваа сфера. Видлив е диспаритетот во развојот помеѓу руралните центри и руралните населби Малесија и Дримкол. Карактеристично е што тие се слабо населени, инфраструктурно се неуредени и немаат деловни активности.

Потенцијалите за развој се препознаваат во еколошко земјоделско производство и селски туризам. Но, во наредниот период треба да се обрне поголемо внимание на стимулирање, организирање и едукација на микро бизнисите кои егзистираат во руралните средини.

## 1.5. Регионална соработка

Општина Струга има долгогодишна успешна соработка со соседните општини – Охрид и Подградец (Р. Албанија). Главни полиња на соработка се заштитата на Охридското Езеро и унапредување на еко-системот.

21 јуни е воспоставен како ден на езерото кој заеднички го празнуваат сите три града.

Општина Струга исто така е член на евро-регионот Охрид-Преспа во рамките на кои остварува соработка со општините на тромеѓието на Р.Македонија, Р.Албанија и Р.Грција.

Во изработка е стратегија за регионален развој на југозападната статистичка единица во чиј состав е и општина Струга.

## 1.6. Ингеренции на општината

Според законот за локална самоуправа, „Општина" е единица на локална самоуправа, како заедница на жителите на одредено подрачје, утврдено со закон, која преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби, овозможува вршење на надлежностите пропишани со закон. Општините се правни лица и своите надлежности ги извршуваат

преку органи избрани непосредно од граѓаните.

### Прописи на општината:

- Општината го уредува вршењето на своите надлежности со статутот и други прописи.
- Со статутот на општината се уредуваат:
  - организацијата и работењето на органите на општината, организацијата и работењето на комисиите на советот;
  - вршењето на работите од членот 20 на закон за локална самоуправа; начинот на информирање на граѓаните;
  - случаите на исклучување на јавноста од седниците на советот;
  - начинот и постапката за доставување претставки и предлози за работата на органите на општината и постапување по нив;
  - начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните;
  - начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба, како и други прашања од значење за локалната самоуправа.
  - Прописите на општината се објавуваат пред да влезат во сила.
- Начинот на објавувањето на прописите се уредува со статутот.
- Општината има свои грб и знаме.

### Општината е надлежна за вршење на следните работи:

- Урбанистичко (урбано и рурално) планирање
- Заштита на животната средина и природата



- Локален економски развој
- Комунални дејности
- Култура
- Спорт и рекреација
- Социјална заштита и заштита на деца
- Образование
- Здравствена заштита
- Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјални добра
- Противпожарна заштита вршена од територијалната противпожарна единица
- Надзор над вршењето на работи од надлежност на општината
- Други работи определени со закон

## Буџет на општина Струга

Приходите и расходите на општината се утврдуваат со буџетот на општината.

Буџетот на општината содржи биланс за приходите и расходите, а се однесува за фискална година од 12 месеци која почнува на 1 јануари, а завршува на 31 декември од секоја календарска година.

Буџетот на општината пред донесувањето се усогласува со Министерството за финансии, во делот за потребите и можностите за земање на заем од буџетот на Републиката за финансирање на буџетскиот дефицит.

Предлогот на Буџетот на општината го утврдува градоначалникот и го доставува до Советот на општината за донесување во ноември во тековната година.

*Буџет на Општина Струга за 2006 година:*

| **БУЏЕТСКИ ПРИХОДИ** | **411.034.841** | **%** |
|---|---|---|
| ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 173.784.000 | 42.27 |
| НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 7.695.000 | 1.87 |
| КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 150.700.000 | 36.66 |
| ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 78.855.841 | 19.18 |
| **РАСХОДИ** | **411.034.841** | |
| ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | 40.038.190 | 9.74 |
| РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ | 556.000 | 0.13 |
| СТОКИ И УСЛУГИ | 194.535.651 | 47.32 |
| ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА | 1.300.000 | 0.52 |
| СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 23.600.000 | 5.74 |
| СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ | 200.000 | 0.04 |
| КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 150.805.000 | 36.51 |

# 2. SWOT АНАЛИЗА



## ИНФРАСТРУКТУРА - SWOT АНАЛИЗА

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| Добра национална и интернационална патна мрежа | Немање патна мрежа во некои рурални места |
| Развиена патна мрежа во/помеѓу селата и градовите | Недостиг на паркинг места |
| 7 км од Охридскиот аеродром, 200км од скопскиот аеродром | Недостиг на сообраќајна сигнализација (хоризонтална и вертикална) |
| 3 часа до Јадранското Море (Драч - Албанија) | Слабо улично осветлување |
| Добар царински терминал во градот и 12 км оддалеченост од граничниот премин со Албанија | Дрвото како главен извор за греење |
| Развиена мрежа на автобуски линии во земјата и странство | Некои рурални места не се редовно покриени со превоз |
| Добри такси превоз | Нема детален урбанистички план за некои рурални места |
| 40 км оддалеченост од железницата во Подградец Албанија, и 60км од Кичево | Нема катастар за подземната електрична и водоводна мрежа |
| Комплетна електрична мрежа во руралните и урбаните области | Нема детален план за развој и заштита на крајбрежието |
| Канализациона мрежа во крајбрежните населбите | Нема централен систем за греење |
| Водоводна мрежа до сите населени места | Нема јавни тоалети во градот |
| Телефонска мрежа до сите наслени места | 80% од цевките во водоводната мрежа се од азбест |
| Урбанистички планови | Несоодветен систем за управување со цврстиот отпад - има само привремена депонија, нема рециклирање, стара механизација, проблеми со управувањето |
| Функционален Катастар | Несоодветна канализација во руралните места |
| | Недостаток на добро структуиран Зелен Пазар и Пазар на големо |
| | Запоставен систем за наводнување |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
|---|---|
| Подготовка на регионални и национални стратегии за развој | Зголемување на цената на електричната енергија |
| Пристап до донатори и техничка помош (вклучувајќи ги европските предпристапни фондови) | Опасност од земјотреси |
| Поврзување со регионалниот гасоводен систем од Црно Море до Јадранско Море | Загадување на водата |
| Конструкција на мини хидроелектрани | Непланирано и неконтролирано градење |
| Безжичен интернет | |

## ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ - SWOT АНАЛИЗА

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| Успешни и развиени мали и средни бизниси во сферата на - градежништво, текстил, дрвна индустрија, туризам и земјоделство | Недостаток на претприемачки вештини - бизнис планирање, долгорочни стратегии, модерен менаџмент |
| Многу традиционални занаети и вештини | Нема инфо центри и центри за поддршка на потенцијалните инвеститори |
| Обучена работна сила во туризам, индустрија, земјоделство | Нема мрежа помеѓу локалните бизнисмени (стопанска комора или бизнис асоцијација) |
| Три индустриски зони за МСП - 2 во Струга и 1 во Велешта | Сива економија |
| Развиен пазар за градежништво | Намалување на популацијата во руралните делови |
| Функционални туристички капацитети- хотели, ресторани, приватно сместување | Слаба размена на информации помеѓу фармерите и ниско ниво на едуцираност за новите технологии |
| Близина на плажите | Низок интерес за произведување на различни земјоделски култури |
| Гранична зона и премини со Р. Албанија | Слаб трансфер на технологии, иновации и искуства од развиените земји |
| Традиционални фестивали и богато културно наследство | Слаба искористенот на туристичките капацитети надвор од главната туристичка сезона |
| Природни богатства - езеро, реки, шуми, пасишта | Нема организирани активности кои би можеле да им се понудат на туристите |
| Оптимална големина на градот Струга за одржлив развој | Слаба промоција на Струга, неразвиена туристичка понуда, необележани значајните културни и историски места |
| | Нема категоризација на туристичките капацитети |
| | Недостаток од професионалнии туристички работници |
| | Непостоење на долгорочна стратегија за развој на туризмот |
| | Монопол на телекомуникациската мрежа (високи цени за телефон и интернет) |
| | Слабо користење на интернет |
| | Високи цени на летовите од/до Охрид/Струга |
| | Високи наемнини за деловни простории |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
|---|---|
| Процесна децентрализацијата | Несоодветна кредитна политика од страна на државата |
| Доволно локации за изградба на нови индустриски центри | Тешка клима за инвестирање |
| Потенцијал во ловот, риболотвот, водните спортови и земјоделството | Бавни и долги административни процедури и судство |
| Реструктуирање на месните заедници | Високи такси и даноци |
| Производство на здрава еко храна | Слаба соработка меѓу економските субјекти, локалната и централната власт |
| Развој на микро бизниси | Зголемување на цената на енергијата |
| Странски инвестиции | Непостоење на организиран пазар за земјоделските производи |
| Интензивирана меѓугранична соработка | Дисбаланс меѓу руралниот и урбаниот дел од општината |
| Зголемена безбедноста, политичката и економската стабилност | Непостоење на стратегија за рурален развој и земјоделие |
| Завршување на процесто на приватизација и рестартирање на нови големи индустриски капацитети | |
| Развој на рурален, конференциски, спортски и еко туризам | |
| Развој на зимски туризам | |
| Промоција на поширокиот Охридско-Струшки регион | |
| Урбанистички планови за развој на туристичките капацитети | |
| Скратена процедура за основање бизниси | |
| Развој на шумска и дрвна индустрија | |
| Прекугранична трговија | |

## КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ - SWOT АНАЛИЗА

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| Развиена мрежа на невладини организации во сферата на екологијата | Недостиг на капацитет на Општината за справување со еколошките проблеми |
| Одобрен детален еколошки акционен план ЛЕАП | Ниска свест кај граѓаните за екологијата |
| Богата и разноврсна природа | Непостоење на дневни центри за зависници од дрога и алкохол |
| Фамилијарна поддрша при одгледувањето на децата | Непостоење на дневни центри за социјално загрозените групи (стари, сиромашни, жени-жртви на насилство и трафикинг, хендикепирани) |
| Најголем дел од популацијата поседува сопствени куќи | Стари и нефункционални простории, опрема и возила во медицинските установи |
| Развиена мрежа на младиснки невладини организации | Законот за примарна здравствена заштита |
| Долга традиција за спортски активности | Немање градинки за деца |
| Мултиетничко општество и богато културно наследствоl | Стара и несоодветна опрема за противпожарна заштита |
| Добри меѓу-гранични односи и размена | Нефункционална инспекција и мониторинг во сите сфери во општината |
| Квалитетни приватни медицински установи | Недоволна координација помеѓу полицијата, здравствените и социјалните центри |
| | Слаба координација и кооперација помеѓу невладиниот сектор и јавните институции |
| | Зголемен број на питачи и скитници во текот на летниот период |
| | Недостаток на поголеми културни настани и објекти |
| | Недостаток на спортски и рекреативни настани и објекти |
| | Ниска свест за важноста на културното наследство |
| | Недостаток на културни и спортски активности во селата и немање интерес за истите |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
|---|---|
| Пристап до донатори и до европските предпристапни ИПА фондови | Слаба координираност помеѓу централната и локалната власт во социјалната, здравствената, културната и спортската сфера. |
| Отварање на приватни факултети | Непочитување на законите |
| Програма за млади на ЕУ | Нерешени прашањата за сопственост на објектите за култура, спорт, здравство, социјала |
| Нов закон за спонзорство кој ги фаворизира културните и спортските активности | Незавршен процес на пренос на овластувањата од централно на локално ниво |
| Развој на повеќе градинки за деца | Бавно и слабо судство |
| Обновливи извори на енергија (вода, сонце, биомаса) | Зголемување на бројот на зависници од дрога и алкохол |
| | Приватизација на примарната здравствена заштита |
| | Зголемување на малигните заболувања (особено на ракот на матка и гради кај женската популација) |
| | Одлив на млади едуцирани луѓе во странство и во главниот град |
| | Намалување на слободното време на децата и младите |
| | Приватните бизнисмени избегнуваат да плаќаат здравствено и социјално осигурување на вработените |

## ОБРАЗОВАНИЕ - SWOT АНАЛИЗА

| **ЈАКИ СТРАНИ** | **СЛАБИ СТРАНИ** |
|---|---|
| Основни и средни училишта во селата и во градот | Школските згради во некои рурални места имаат лоша инфраструктура, застарена опрема и несредени дворови |
| Високо образовни институции - факултет за екологија и технологија (Државен универзитет во Тетово) и приватни институти за Право, Економија и Јазици | Ниско ниво на хигиена во училиштата (тоалетите и дворовите)- мал буџет за овие потреби |
| Дневен центар и одделенија за деца со посебни потреби во формалното образование | Недостаток на модерна школска опрема во градските и селските училишта |
| Поголем дел од населението има завршено средно образование | Недостаток на објекти за пошироко одаразование- спортски сали |
| Компетентни наставници во селата и во градот | Слабо познавање на јазикот на останатите етнички заедници |
| Силна мрежа на невладини организации | Формалното образование има традиционален пристап и е повеќе дескриптивно отколку практично |
| Полова еднаквост во образованието и при вработувањето | Недостаток на современи начини на предавање во основните и средните училишта |
| Многу пилот проекти се имплементирале во локалните училишта - за обука на наставниците и за подобрување на опремата | Недостаток на соработка помеѓу училиштата |
| | Психолозите и педагозите не се доволно експонирани во училиштата и недоволно се цени нивната стручност |
| | Нема функционални центри за советување за учениците |
| | Има слаба соработка помеѓу училиштата, полицијата, социјалните служби, бирото за вработување и останатите јавни институции. |
| | Голема стапка на невработеност меѓу младите |
| | Недостаток на програми за вработување |
| | Слабо користење на интернет во училиштата |

| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
|---|---|
| Тенденција да се отвараат приватни училишта -во музиката, спортот, уметноста | Одлив на добро обучени млади луѓе во другите земји |
| Можност за отворање на дневни центри за деца со посебни потреби во руралните места | Политизација на образованието |
| Децентрализација на училиштата - ќе бидат управувани од локалната власт | Економска нестабилност |
| Програма за млади на ЕУ | Мал буџет за образованието |
| Користење на традиционалните вештини и знаења (самовработување, семејни занаети и сл) | |

# ВИЗИЈА

| ИНФРАСТРУКТУРА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Визија** | **Стратешки цели** | **Развојни цели** | **Програми** | **Проекти** |
| Преку подобрен урбанистичко планирање и процеси на управување, Општина Струга ќе има инфраструктура соодветна за разновидна, амбициозна и прогресивна општина и ќе биде во можност да подржи оддржлив развој со широка основа. | 1. Модернизирано урбанистичко планирање способно да ги задоволи зголемените потреби на софистициранaта и напредна Струшка заедница. | 1.1. Системот на урбанистичко планирање е унапреден и е заснован врз најдобра национална и меѓународна пракса .Човечкиот капацитетот за подобрување на инфраструктурата и обезбедување услуги е зголемен. | 1.1.1 Програма за модернизација на урбанистичко планирање | Проект за модернизација на урбанистичко планирање и развој на човечки ресурси. |
| | | | | Проект за финализирање на урбанистичкото планирање со вклучување на следниве проекти:<br>ревизија на постоечки рурални планови<br>ревизија на постоечки општи урбанистички планови и детални урбанистички планови<br>урбанистичко планирање на обалата |
| | | | | Проект за дигитализација на урбанистичките планови |
| | | | | Проект за мапирање на системите за електрификација, канализација и друга инфраструктура |
| | | | | Проект за подобрување на системи за набљудување и проценка на урбанистичко планирање.\ |
| | 2. Подобрени приватни и јавни инфраструктурни системи кои го засилуваат бизнисот и развојот на заедницата во општината. | 2.1. Подобрена патна мрежа и транспортни услуги во општината. | 2.1.1. Развојна програма за патишта. | План за подобрување на патишта и последователна имплементација во градовите и селата вклучувајќи:<br>- план за управување со сообраќајот во Општина Струга<br>-подобрување на патната сигнализацијата<br>- улично осветлување |
| | | | 2.1.2. Програма за подобрување на транспортот. | Преглед на транспортни услуги. |
| | | | | Проект за изработка на планови за подобрување на јавни и приватни транспортни услуги и доделување ресурси. |
| | | 2.2. Поразновидни и одржливи енергетски системи се развиваат. | 2.2.1. Програма за развој на обновливи извори на енргија. | Проект за користење на енергија од биомаса |
| | | | | Проект за користење на сончева енергија |
| | | | | Физибилити студија за изградба на мали хидро централи за производство на струја. |
| | | | | Физибилити студија за воспоставување на систем на централно греење во Општина Струга. |

## ИНФРАСТРУКТУРА

| Визија | Стратешки цели | Развојни цели | Програми | Проекти |
|---|---|---|---|---|
| | | 2.3. Подобрено снабдување, функционалност и квалитет на водоснабдуњањето, фекалната и атмосферската канализација во градот и селата. | 2.3.1. Програма за Развој на води. | Проект за подобрување / обновување на системот за водоснабдување во урбани и рурални области вклучувајќи:<br>-замена и подобрување на мрежата за водоснабдување во Струга<br>-замена и подобрување на мрежата за водоснабдување во селата<br>-инсталирање на нови водоводни системи во Општина Струга<br>Модернизација на резервоари за вода<br>изградба на мали брани |
| | | | | Проект за зголемување на свеста за одговорна употреба на водата и штедење насочен кон училишта, домаќинства и бизниси. |
| | | | 2.3.2. Програма за развој на системите за фекална канлизација и подобрување на јавната хигиена. | Проект за подобрување / обновување на канализационата мрежа во урбана и рурални средини |
| | | | | Проект за поставување на јавни тоалети во градот и на крајбрежниот појас |
| | | | 2.3.3. Програма за развој на систем за атмосферски води. | Проект за подобрување/обновување на системот за атмосферски води во урбани и рурални средини. |
| | | 2.4. Систем за управување со цврст отпад кој нагласува рециклирање, намалена потрошувачка и безбедно, еколошко отстранување на неупотербливиот отпад. | 2.4.1. Програма за управување со цврст отпад. | Преглед и ревизија на постоечките системи за управување со цврст отпад. |
| | | | | Проект за развој на бизниси за повторна употреба и рециклирање на отпадот. |
| | | | | Информативна кампања за подигање на свеста на граѓаните за намалување на количината на отпадот и рециклирање. |
| | | | | Развоен проект за управување со цврст отпад. |
| | | 2.5. Подобрени телекомуникациски и јавни информативни услуги и пристап во рурални и урбани области. | 2.5.1. Развојна програма за комуникации и јавни информативни услуги | Проект за обезбедување на подобар информативен систем и Интернет пристап во јавни претпијатија, локална самоуправа, бизниси, училишта и домаќинства. |
| | | 2.6. Модернизирани комуникациски системи на цивилна одбрана и соодветни ресурси. | 2.6.1. Развојна програма за цивилна одбрана. | Анализа на тековниот систем и проценка на потребите за модеренизација. |
| | | | | Учество во национални комуникациски ситеми за цивилна одбрана. |
| | | | | Планирање и имплементација на секундарна (на општинско ниво) инфраструктура и други ресурси. |
| | | | | Развоен проект за човечки ресурси, опрема и организација. |
| | | 2.7. Подобрени јавни сервиси | 2.7.1. Програма за подобрување на јавни сервиси | Пазар за земјоделски производи на големо |
| | | | | Изградба на Зелен Пазар во источниот дел на градот |
| | | | | Функционална Градска капела |

| ИНФРАСТРУКТУРА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Визија** | **Стратешки цели** | **Развојни цели** | **Програми** | **Проекти** |
| | | 2.8. Подобрување на инфраструктура на атрактивни локации | 2.8.1. Програма за подобрување на инфраструктура на атрактивни локации | Дизајнирање и уредување пешачка велосипедска патека покрај р.Црн Дрим на потег Струга -с.Ташмаруништа од двете страни |
| | | | | Дизајнирање и уредување пешачка велосипедска патека Струга-Заграчани Вишни - Франгово - Радожда-Струга |
| | | | | Уредување на градскиот плоштад |
| | | | | Уредување и промоција на излетнички места во регион на с.Делогожда |
| | | | | Уредување на крајбрежјето на езерото во с.Шум |
| | | | | Уредување на локацијата Бачила над с.Лабуништа |
| | | | | Иницирање за уредување на Ловен Дом село Вишни |

| ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Визија** | **Стратешки цели** | **Развојни цели** | **Програми** | **Проекти** |
| До 2011 ОпштинаСтруга покажува силно економско оправување и активност и се смета за општина со засилено и одржливо претприемаштво поддржано со ефективно работење на јавни и приватни развојни услуги. | 3. Развиената мрежа за институционална поддршка е функционална обезбедувајќи ефективни, одговорни и професионални бизниси и развојни услуги во заедницата. | 3.1. Општинската администрација може да обезбеди квалитетни услуги за поддршка на бизнисите за овозможување на економски развој и вработување. | 3.1.1. Програма за воспоставување на служби за поддршка на бизниси | Воспоставување на Единица за поддршка на бизнисите во склоп на општринската администрација |
| | | | | Обучување на персоналот за поддршка на бизнисите за планирање и давање бизнис услуги. |
| | | | | Создавање База на податоци за деловни активности |
| | | | | Развој на Бизнис Парк / Бизнис Инкубатор-капацитети и услуга. |
| | | | 3.1.2. Програма за нефинансиска подршка за развој на мали и средни претпријатија. | Создавање на советнички пакети и алатки за нефинансиска поддршка на развојот на претприемаштво. |
| | | | | Програма за развој на претприемачки вештини во партнерство со Агенцијата за вработување, приватниот и граѓанскиот сектор |
| | | 3.2. Трансформација на Локалната агенција за развој во Агенција за регионален развој | 3.2.1. Програма за воспоставување Агенција за регионален развој | Проект пакет за соодветно опремување со човечки ресурси, опрема, обука за управување и развој вклучувајќи локална, регионална и меѓугранична соработка. |
| | | | 3.2.2. Програма за развој на туризам. | Проект за основање на Туристичка асоцијација.<br>Развој на капацитети за координирање и обезбедување услуги во туристичкиот сектор |
| | | | | Детална анализа на туристичкиот потенцијал во Општина Струга. |
| | | | | План за развој на туризмот во Општина Струга вклучувајќи и имплементација на:<br>развојна стратегија со вклучена Цост-бенефит анализа<br>национална и меѓународна промоција<br>образование и обука<br>инфраструктурен развој на крајбрежието и другите потенцијали |
| | | | 3.2.3. Развојна програма - Мрежа за подршка на бизнисите во Општина Струга | Проект за основање на Мрежа за поддршка на бизнисите во Општина Струга (јавно и приватно членство) вклучувајќи обучување за планирање и промовирање на деловни можности во рамките на општината и регионот . |
| | | | 3.2.4. Развојна програма за органска храна. | Проект за основање Асоцијација на производители на органска храна . Обука на членството, подобрување на капацитетот за обезбедување развојни услужни дејности и координација за секторот. |
| | | | | Детална анализа на карактеристиките на секторот за органска храна во Општина Струга. |
| | | | | "Развоен план за производство на органска храна во Општина Струга" |
| | | | | Проект за подобрено управување со фарми и советодавни служби за фармерски бизниси. |

**ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

| Визија | Стратешки цели | Развојни цели | Програми | Проекти |
|---|---|---|---|---|
| | | | 3.2.5 Развојна програма за шумарство. | Проценка на шумски ресурси и нивното искористување во општината. |
| | | | | Проект за развој на шумски ресурси вклучувајќи:<br>база на податоци за шумски ресурси<br>основање и обучување на Асоцијација на одгледувачи на шуми<br>план за инвестирање и одржливо искористување на шумите<br>подобрена законска регулатива и спроведување на истата |
| | | | 3.2.6. Развојна програма за алтернативни претпријатија. | Проект за поддршка и развој на нови бизнис идеи во нетрадиционални сектори:<br>План за развој и имплементација "Развој на нов бизнис" |
| | 4. Општина Струга го развива својот потенцијал за да биде во можност да учествува во меѓународни инвестициони програми со цел да привлече директни странски инвестиции. | 4.1. Меѓугранично инвестирање и директни странски инвестиции се развиени со цел да се постигне развој на бизнисот и нови можности за вработување. | 4.1.1. Програма за развој на меѓугранична соработка. | Проект за развој на меѓугранична соработка со Албанија и Грција. |
| | | | 4.1.2. Програма за привлекување на директни странски инвестиции | Проект за изработка на програма за привлекување странски инвестиции |

| КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТОТ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Визија** | **Стратешки цели** | **Развојни цели** | **Програми** | **Проекти** |
| Квалитетот на животот во Општина Струга е подобрен преку подобар пристап до услугите, информациите и институциите за сите граѓани. | 5. Граѓаните се поактивни и поспособни да учествуваат во развојот на аспектите на квалитетот на животот во општината и нејзината околина. | 5.1. Формирани општински и граѓански групи, зајакнати и поврзани во форум кои ќе служат како канал преку кој граѓаните ќе можат да допринесат кон дефинирање и постигнување на развојните цели. | 5.1.1. Програма за основање и развивање на заедниците во рурална и урбана средина | Изградба на капацитетите на советодавни групи претставувајќи ги следниве интереси: животна средина, семејна и социјална заштита, спорт и рекреација, културно наследство. |
| | | | | Реконструкција на салите на месните заедници во поголемите населби |
| | | | | Програма за развивање-организирање на месните заедници |
| | 6. Општинските уметнички, културни, спортски и информативни објекти се подобрени / реновирани и нивната употреба е проширена. | 6.1. Подобрување на објектите и создавање програми кои ќе го зајакнат развојот на уметноста, културата и спортот во Општина Струга. | 6.1.1. Програма за развој на културата. | Проценка на развојот на културата во општината и формулирање на Стратегија за развој на културата со можност за вклучување на следниве под-проекти:<br>- Промоција на културно наследство<br>-Реконструкција на музеи<br>-Модернизација на Градската библиотека<br>- Изградба на Младински центар<br>-Формирање Градски театар<br>- Иницирање и унапредување на традиционални културни настани<br>-Заштита, обележување и промовирање на археолошки наоѓалишта. |
| | | | 6.1.2. Програма за развој на уметност. | - План за развој и унапредување на уметноста<br>- Основање Центар за обука, изработка, промоција и продажба на уметнички дела и ракотворби. |
| | | | 6.1.3. Програма за развој на спорт. | Проценка на улогата и потенцијалот на спортот во Општина Струга |
| | | | | План за развој на спортски објекти и услуги |
| | | | | Реконструкција и модернизација на затворени спортски сали. |
| | | | | Реконструкција на отворени спортски терени и објекти. |
| | | | | Реконструкција на базени. |
| | 7. Здравствена услуга која обезбедува и спроведува потребна поефикасна и поефективна здравствена заштита за граѓаните на Општина Струга | 7.1. Подобрена ефикасност при употреба на здравствени ресурси и обезбедена подобра услуга. | 7.1.1. Програма за евалуација на примарна и секундарна здравствена заштита. | Ревизија и проценка на здравствена заштита. |
| | | | | Проценка на ефикасноста и ефективноста на здравствена заштита. |
| | | | | Развој на човечки ресурси и реорганизација на секторот за здравствена заштита. |
| | | | | Модернизација на клучни здравствени објекти и услуги:<br>прва помош<br>медицински возила и опрема<br>објекти за примарна здравствена заштита. |

**КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТОТ**

| Визија | Стратешки цели | Развојни цели | Програми | Проекти |
|---|---|---|---|---|
| | 8. Системи на социјална и цивилна заштита кои обезбедуваат потребна поефикасна и поефективна подршка на граѓаните на Општина Струга | 8.1. Подобрени услуги и ефективност на ресурсите на социјална и цивилна заштита. | 8.1.1. Програма за евалуација и подобрување на социјалната заштита. | Ревизија и проценка на социјална и цивилна заштита. |
| | | | | Проценка на ефикасноста и ефективноста на социјална и цивилна заштита. |
| | | | | Развој на човечки и други ресурси и реорганизација на работењето на социјална и цивилна заштита. |
| | | | | Основање Дневен центар за наркозависници и алкохоличари. |
| | | | | Основање Центар за постари лица. |
| | | | | Основање Центар за поддршка на инвалидизирани лица |
| | | | 8.1.2.. Развојна програма за млади. | Развој на Животни вештини на млади како и културен и општествен развој. |
| | | | 8.1.3 Развојна програма за консултантски услуги | Проценка на сегашната состојба на консултантските услуги и планови за унапредување |
| | | 8.2. Подобрен капацитет за заштита на граѓаните од природни и човечки закани и катастрофи. | 8.2.1. Програма за развој на служби за заштита и спасување. | Модернизација на објекти, опрема, возила и унапредување на човечки ресурси на противпожарна бригада. |
| | | | | Основање Професионална езерска служба за спасување. |
| | | | | Формирање Волонтерски групи за заштита и спасување. |
| | | | | Информативна кампања за самозаштита. |
| | | 8.3. Воспоставена е подобра соработка и комуникација помеѓу секторите за здравствена, социјална и цивилна заштита во полза на граѓаните. | 8.3.1. Програма за поврзување и соработка помеѓу обезбедувачи на социјална, здравствена и цивилна заштита. | План за подобрено поврзување и соработка помеѓу обезбедувачите на социјална, здравствена и цивилна заштита. |
| | | | | Обуки за давање услуги |
| | | | | Имплементација на Планот за поврзување и соработка |
| | 9. Препознаена е потребата за заштита на природната и урбаната средина | 9.1. Подобрена природна средина | 9.1.1. Програма за добро управување со животна средина. | Евалуација на состојбата на животната и подобрување на: езерата, реките, речните токови, шумите и областите населени со животински и растителен свет. |
| | | | | Обуки за заштита на животната средина . |
| | | 9.2. Градот и селата во општината ги подобруваат своите улици, плоштади, кејови, паркови и други карактеристики. | 9.2.1. Програма за подобрување на природното наследство во Општина Струга | Изработка на планови за подобрување и разубавување на градски и рурални средини |
| | | | | Подобрување и разубавување на централното градско подрачје и руралните средини |
| | | | 9.2.2. Програма за заштита на животна средина во руралните средини. | Проект за подигање на свеста во руралните заедници за грижата и управување со животната средина. |
| | | | | Чистење на диви депонии и ревитализирање на локалитетите |

| ОБРАЗОВАНИЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Визија** | **Стратешки цели** | **Развојни цели** | **Програми** | **Проекти** |
| До 2011 образовната дејност во Општина Струга ќе биде прилагодена на различните потреби на модернизирана заедница . | 10. Едукативни дејности кои се поразновидни, флексибилни и пристапни и кои покажуваат посилна и порелевантна поврзаност со бизниси и можности за вработување во општината и поширокиот регион. | 10.1. Поголем број на оние кои го завршиле училиштето наоѓаат работа и развиваат бизниси . | 10.1.1. Програма за подобрување на образованието. | Евалуација на образовни ресурси, услуги, партнерства со деловни и општински субјекти. |
| | | | | Формирање на Советничка група за образование |
| | | | | Проект за "Подобра вклученост на родителите во училиштата". |
| | | | | Проект за практична обука и професионална ориентација на матуранти . |
| | | | | Образование на возрасни |
| | | | | Курсеви/напредни обука на наставен кадар |
| | | | | Проект за подобрување на училишни згради и инфраструктура. |
| | | | | Проект за опремување на училишта |
| | 11. Маргинализирани и ранливи групи имаат пристап кон подобрени услужни дејности и системи кои овозможуваат подобра инволвираност во донесувањето одлуки и развојот на заедницата. | 11.1. Зголемено учество на маргинализирани и ранливи групи во општествените процеси. | 11.1.1. Програм за развој на вклученоста на маргинализирани и ранливи групи. | Проценка на состојбата на маргинализирани групи во Општина Струга. |
| | | | | План за подобрено претставување и вклученост на маргинализираните и ранливи групи во развојот на општината |

# АКЦИОНЕН ПЛАН НА

# СТРАТЕГИЈАТА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ 2006–2011

# НА ОПШТИНА СТРУГА

Струга, мај 2007

# Резиме

Акционият план произлезе од Стратегијата за одржлив развој на Општина Струга. Тој има цел да ја стави во функција Стратегијата и да и даде оперативност, со дефинирање на конкретни параметри и со детална анализа за секој од предложените проекти. Со Акционият план подетално се дефинирани методологијата, буџетот, одговорните субјекти, предусловите и временската рамка за реализација на одредени проекти. Исто така, АП создава можности за вклучување на различните субјекти од Општина Струга во процесите што треба да започнат и да ја следат имплементацијата на овој план.

Процесот на акционо планирање започна во почетокот на 2007 година и имаше цел функционално поврзување на локалните сектори во партнерства и координирана акција, дефинирајќи ги главните насоки и приоритетните активности.

Во подготовката на Акциониот план активно беа вклучени луѓе од релевантните сектори во општината: јавен, приватен и граѓански, кои работеа на следниве теми:

- Инфраструктура;
- Социо-економски развој;
- Квалитет на живот;
- Образование и обука.

Секоја од овие теми е поделена на следниве програми:

- ИНФРАСТРУКТУРА:
  - Програма за модернизација на урбанистичкото планирање;
  - Развојна програма за патишта;
  - Програма за подобрување на транспортот;
  - Програма за развој на обновливи видови енергија;
  - Програма за развој на води;
  - Програма за развој на системите на фекална канализација и подобрување на јавната хигиена;
  - Програма за развој на систем на атмосферските води;
  - Програма за управување на цврстиот отпад;
  - Развојна програма за комуникации и јавни информативни услуги;
  - Развојна програма за цивилна одбрана;
  - Програма за подобрување на јавните сервиси;
  - Програма за подобрување на инфраструктурата на атрактивни локации.

- СОЦИО-ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ:
  - Програма за воспоставување на служби за поддршка на бизниси;
  - Програма за нефинансиска поддршка за развој на мали и средни претпријатија;
  - Програма за воспоставување Агенција за регионален развој;
  - Програма за развој на туризмот;
  - Развојна програма за органска храна;
  - Развојна програма за шумарство;
  - Развојна програма за алтернативни претпријатија;
  - Програма за развој на меѓуграничната соработка;
  - Програма за привлекување директни странски инвестиции.

КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ:

- Програма за основање и развивање на заедниците во руралната и во урбаната средина;
- Програма за развој на културата;
- Програма за развој на уметноста;
- Програма за развој на спортот;
- Програма за евалуација на примарната и на секундарната здравствена заштита;
- Програма за евалуација и подобрување на социјалната заштита;
- Развојна програма за млади;
- Програма за развој на советодавни служби;
- Програма за развој на служби за заштита и спасување;
- Програма за поврзување и соработка помеѓу обезбедувачите на социјална, здравствена и цивилна заштита;
- Програма за добро управување со животната средина;
- Програма за подобрување на природното наследство во општина Струга;
- Програма за заштита на животната средина во руралните средини.

ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА:

- Програма за подобрување на образованието;
- Програма за развој на маргинализираните/ранливи групи.

Основните теми на Акциониот план се засноваа врз сознанијата до кои се дојде при изработката на Стратешкиот план за развој на Општина Струга, како и врз основа на дополнителни истражувања и на препораки врз основа на коментарите на јавноста, на интересентите и на познавачите на сегментите кои беа *предмет* на обработка на Стратешкиот план 2007–2011. Групите одржаа повеќе состаноци за детална анализа и разработка на предложените проекти. Во групите беа вклучени претставници од сите сектори, а дополнително беа консултирани и релевантни поединци и организации.

Разработени се вкупно 222 проекти, со време на имплементација од 2007 до 2011 година.

Истовремено, Акциониот план претставува и потсетник за сите оние кои работат на развојот на Општина Струга. Тука се мисли на локалните и централните власти, на домашните и странски развојни агенции, на граѓанските организации, на инвеститорите и други.

Локален експертски тим:

Владислав Жупан – координатор

Џеми Хајредини

Ирфан Мемишоски

# Приоритетни проекти: ИНФРАСТРУКТУРА

| Проект 1: | Вид на програма |
|---|---|
| **Изработка на Урбанистички план за крајбрежниот појас** | **Програма за за модернизација на урбанистичкото планирање** |

**Краток опис на проектот:**
Изработка на Урбанистички план за крајбрежниот појас и дефинирање на објекти и активности

**Очекувани резултати:**
- дефинирање на локации за плажи
- дефинирање на локации за привремени објекти и инфраструктура за нив
- одредување на локации за паркинг-простори и за пешачки патеки
- дефинирање на заштитен крајбрежен појас

**Целни групи:**
- потенцијални инвеститори
- туристички бизниси од Општината

**Можни учесници:**
- Општината - Сектор за урбанизам, приватни претприемачи, инвеститори, Министерство за транспорт и врски, просторно планирање и животна средина, Народен музеј Струга

**Придонес од реализацијата на проектот:**
- Проектот ќе биде финансиран од Буџетот на Општина Струга

**Предуслови за реализација на проектот:**
- Тим за имплементација, финансиски извори

**Фактори на ризик:**
- Потребни дозволи од Министерствата за животна средина и транспорт и врски

| | |
|---|---|
| **Предвидени трошоци:** | 8.000 € |
| **План за имплементација** | **Лице за контакт:** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Трошоци (фондови/ресурси)** | **Финансиски ресурси** | **Проектирана сума** | **Обезбедена сума** |
| | **Локална самоуправа** | | |
| | **Централна власт** | | |
| | **Донатори:** | | |
| | **Други извори** | | |
| | **ВКУПНО:** | | |

| | |
|---|---|
| **Време на имплементација:** | **Краткорочно** |

| Проект 2: | Вид на програма |
|---|---|
| **Осветлување и уредување на влезовите во Струга** | **Програма за за модернизација на урбанистичкото планирање** |

**Краток опис на проектот:**
Осветлување и уредување на влезовите во Струга со предмер-пресметка, градежно-технички проект и обезбедување на потребните приклучоци, сигнализација, патоказни табли.

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:**<br>• уредување (хортикултурно, осветлување, патокази) на влезовите Магистрален пат Ќафасан/Скопје, влезот кај с. Мислешево и Евро Хотел<br>• подобрување на имиџот на Струга како урбан и туристички центар<br>• подобрување на безбедноста во сообраќајот | **Целни групи:**<br>• граѓаните<br>• туристите и транзитерите во/низ Струга |
| **Можни учесници:**<br>• Општина Струга - ЈП Комунално, Фонд за патишта на РМ, ЈП Македонија пат | **Придонес од реализацијата на проектот:**<br>• Изработка на градежно-техничка документација и обезбедување на потребните дозволи |
| **Предуслови за реализација на проектот:**<br>• Локации, градежно-техничка документација, тим, финансии, дозволи | **Фактори на ризик:**<br>• Потребни дозволи за работа од републичките институции и расположливи финансиски средства во Буџетот на РМ |
| **Предвидени трошоци:** | По изготвена градежно-техничка документација |
| **План за имплементација** | **Лице за контакт:** |

| **Трошоци (фондови/ресурси)** | **Финансиски ресурси** | **Проектирана сума** | **Обезбедена сума** |
|---|---|---|---|
| | **Локална самоуправа** | | |
| | **Централна власт** | | |
| | **Донатори:** | | |
| | **Други извори** | | |
| | **ВКУПНО:** | | |
| **Време на имплементација:** | | **Краткорочно** | |

| Проект 3: | Вид на програма |
|---|---|
| **Изработка на комплетна сообраќајна студија за градот** | **Развојна програма за патишта и развој** |

**Краток опис на проектот:**
Изработка на студија за сообраќај во урбаниот дел, утврдување на улици со еднонасочен сообраќај, утврдување на локации за паркинг-простори, поставување на адекватна хоризонтална и вертикална сигнализација, утврдување на сообраќаен режим за време на туристичката сезона, определување на локации за такси-станици.

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:**<br>• подобрување на безбедноста и пристапноста во сообраќајот во централното градско подрачје<br>• релаксирање на сообраќајот во урбаниот дел | **Целни групи:**<br>• граѓаните<br>• посетителите-туристи<br>• деловните субјекти и туристичките субјекти<br>• такси-компаниите<br>• корисниците на автобуски и такси-превоз. |
| **Можни учесници:**<br>• Општината - Сектор за урбанизам | **Придонес од реализацијата на проектот:**<br>• Организација на процесот, учество и финансирање на изработката |
| **Предуслови за реализација на проектот:**<br>• тим за имплементација, финансиски извори | **Фактори на ризик:**<br>• Реакциите на локалните заедници, проблеми врзани со експропријација за реализација на |
| **Предвидени трошоци:** | Работа на комисија и на соодветните служби од јавната администрација |
| **План за имплементација** | **Лице за контакт:** |

| Трошоци (фондови/ресурси) | Финансиски ресурси | Проектирана сума | Обезбедена сума |
|---|---|---|---|
| | **Локална самоуправа** | | |
| | **Централна власт** | | |
| | **Донатори:** | | |
| | **Други извори** | | |
| | **ВКУПНО:** | | |

| **Време на имплементација:** | **Краткорочно** |
|---|---|

| Проект 4: | Вид на програма |
|---|---|
| **Изработка на комплетна студија за паркинг-простори во градот Струга, за паркови и зеленила, детски игралишта и друга урбана инфраструктура** | **Развојна програма за патишта и развој** |

**Краток опис на проектот:**
Утврдување на постојните простори за паркинзи, паркови и зеленила, детски игралишта и друга урбана инфраструктура во урбаниот дел на Општина Струга, дефинирање на механизми за управување, потреби и можности за проширување и др.

**Очекувани резултати:**

- определување на зелени зони во градот
- определување локации за детски игралишта
- определување механизми за мониторинг и одржување на игралиштата и на зелените површини
- дефинирање на простори за паркинзи за автомобили, паркинзи за автобуси, паркинзи за товарни возила

**Целни групи:**

- граѓаните
- туристите
- децата
- корисниците на моторни возила
- корисниците на услугите на градскиот превоз

**Можни учесници:**

- Општината Сектор за урбанизам, преставници на локалните заедници, такси и автобуски фирми

**Придонес од реализацијата на проектот:**

- Учество на соодветни претставници од јавната администрација во реализацијата, финансирањето и изработката на студијата

**Предуслови за реализација на проектот:**

- тим за имплементација
- финансиски извори

**Фактори на ризик:**

- финансиските можности за реализација на студијата

**Предвидени трошоци:** Работа на комисија и на соодветните служби од јавната администрација

**План за имплементација** | **Лице за контакт:**

| Трошоци (фондови/ресурси) | Финансиски ресурси | Проектирана сума | Обезбедена сума |
|---|---|---|---|
| | Локална самоуправа | | |
| | Централна власт | | |
| | Донатори: | | |
| | Други извори | | |
| | ВКУПНО: | | |

**Време на имплементација:** Краткорочно

| Проект 5: | Вид на програма |
|---|---|
| **Поставување на туристичка сигнализација** | **Програма за развој на системот за водоснабдување** |

**Краток опис на проектот:**
Поставување на туристичка сигнализација - патокази, мапи, информациони табли на фреквентни локации во градот, на влезовите и туристичките локалитети на територијата на целата општина. Изработка на база на локалитети, музеи, галерии, туристички објекти и локации, изработка и поставување на сигнализација на повеќе јазици.

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:**<br>• поголема информираност на посетителитетуристите<br>• промоција и поголема посетеност на туристичките локалитети, музеите, галериите и сакралните објекти | **Целни групи:**<br>• туристите<br>• туристичките субјекти од градот и од околината<br>• граѓаните на општината<br>• музеите и галериите |
| **Можни учесници:**<br>• Општината - Сектор за урбанизам и Одделот за ЛЕР и туризам, НВО, туристички работници, претставници на музеите и на сакралните објекти<br>. | **Придонес од реализацијата на проектот:**<br>• Обезбедување на податоци за база, ликовно-графичко обликување, Обезбедување на дозволи и финансиска партиципација во реализацијата |
| **Предуслови за реализација на проектот:**<br>• Градежно-техничка документација, тим, финансии, дозволи | **Фактори на ризик:**<br>• Долг рок за добивање дозволи за поставување на табли и билборди на регионалните и магистралните патишта |
| **Предвидени трошоци:** | По изготвена градежно-техничка документација |
| **План за имплементација** | **Лице за контакт:** |

| Трошоци (фондови/ресурси) | Финансиски ресурси | Проектирана сума | Обезбедена сума |
|---|---|---|---|
| | **Локална самоуправа** | | |
| | **Централна власт** | | |
| | **Донатори:** | | |
| | **Други извори** | | |
| | **ВКУПНО:** | | |

**Време на имплементација:** Краткорочно

| Проект 6: | Вид на програма |
|---|---|
| **Пробивање на колекторските улици во источниот дел на градот** | **Развојна програма за патишта и развој** |

**Краток опис на проектот:**
Пробивање на улиците Маркс-Енгелс, ЈНА и Мислешевски Пат, за реализација на целосно сообраќајно решение. Тоа е регион кој е урбанизиран и каде има голема заинтересираност за изградба на идивидуални објекти и мали туристички капацитети, а особено е атрактивен бидејќи се наоѓа на мала оддалеченост од крајбрежниот појас.

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:**<br>• подобрување на фреквентноста во сообраќајот во овој дел на градот<br>• зголемување на инвестициските активности и соодветна рефлексија на другите бизниси | **Целни групи:**<br>• граѓаните и сопствениците на локации во овој дел на градот<br>• заинтересирани инвеститори |
| **Можни учесници:**<br>• Општината - Сектор за урбанизам | **Придонес од реализацијата на проектот:**<br>• Финансиска реализација на проектот |
| **Предуслови за реализација на проектот:**<br>• Сообраќајна и градежно-техничка документација, тим, финансии, дозволи | **Фактори на ризик:**<br>Можност за соодветно поставување и на останатата инфраструктура (струја, вода, канализација). |
| **Предвидени трошоци:** | По изготвена градежно-техничка документација |
| **План за имплементација** | **Лице за контакт:** |

| **Трошоци (фондови/ресурси)** | **Финансиски ресурси** | **Проектирана сума** | **Обезбедена сума** |
|---|---|---|---|
| | **Локална самоуправа** | | |
| | **Централна власт** | | |
| | **Донатори:** | | |
| | **Други извори** | | |
| | **ВКУПНО:** | | |
| **Време на имплементација:** | **Долгорочно** | | |

| Проект 7: | Вид на програма |
|---|---|
| **Изградба на мост Корошишта-Мешеишта** | **Развојна програма за патишта и развој** |

**Краток опис на проектот:**
Изградба на мост Корошишта-Мешеишта (можност за спојување на автопатот Охрид–Скопје). Со овој проект, граѓаните од руралните делови на општината, посебно од регионот на Делогожда, ќе можат пократко (за околу 20 км) да се приклучат на патниот правец кон Скопје. Со изградбата на овој мост, регионот ќе биде на оддалеченост од само 3 км од главната магистрала.

**Очекувани резултати:**
- зголемени деловни активности
- намалување на миграцијата

**Целни групи:**
- граѓаните од регионот на Делогожда (околу 11.000 жители)
- деловните субјекти од регионот

**Можни учесници:**
- Општината Сектор за урбанизам, финансии, МЗ Корошишта

**Придонес од реализацијата на проектот:**
- изработка на градежно-техничко решение, обезбедување дозволи, финансиска партиципација

**Предуслови за реализација на проектот:**
- Обезбедени финансиски средства, градежна документација, дефинирана сопственоста на земјиштето

**Фактори на ризик:**
- Обезбедување дозволи, експропријација, финансиски средства

**Предвидени трошоци:** По изготвена градежно-техничка документација

**План за имплементација** — **Лице за контакт:**

| Трошоци (фондови/ресурси) | Финансиски ресурси | Проектирана сума | Обезбедена сума |
|---|---|---|---|
| | Локална самоуправа | | |
| | Централна власт | | |
| | Донатори: | | |
| | Други извори | | |
| | ВКУПНО: | | |

**Време на имплементација:** Долгорочно

| **Проект 8:** | **Вид на програма** |
|---|---|
| **Изработка на техничка документација за реализација на проектот за регулација на р. Сатеска** | **Програма за развој на води** |

**Краток опис на проектот:**
Изработка на техничка документација за реализација на проектот за регулација на р. Сатеска, со враќање на дел од реката во старото корито и со изработка на каскади за намалување на дотокот на мил и на загадувањето на Охридското Езеро.

**Очекувани резултати:**
- намалување на загаденоста на Охридското Езеро
- подобрување на квалитетот на водите и на плажите на потегот Струга-слив Сатеска
- можност за наводнување на поголеми земјоделски површини во регионот на поранешниот тек на реката

**Целни групи:**
- граѓаните на Струга
- туристичките субјекти

**Можни учесници:**
- Општината Струга, Фондот за води на РМ, странски развојни еколошки организации, Министерството за животна средина

**Придонес од реализацијата на проектот:**
- Учество во плански, информативни активности и во процесот на реализација од соодветните служби на Општината

**Предуслови за реализација на проектот:**
- Обезбедување финансиски средства и јавна набавка за проектантска фирма-изработувач

**Фактори на ризик:**
- Висината на потребните финансиски средства, зинтересираноста на домашните и на странските агенции

**Предвидени трошоци:** По изготвена градежно-техничка документација

**План за имплементација** | **Лице за контакт:**

| **Трошоци (фондови/ресурси)** | **Финансиски ресурси** | **Проектирана сума** | **Обезбедена сума** |
|---|---|---|---|
| | **Локална самоуправа** | | |
| | **Централна власт** | | |
| | **Донатори:** | | |
| | **Други извори** | | |
| | **ВКУПНО:** | | |

**Време на имплементација:** **Долгорочно**

| Проект 9: | Вид на програма |
|---|---|
| **Изградба на колекторски крак Ложани-Велешта (приклучување во пречистителна станица)** | **Програма за развој на системите на фекална канализација и подобрување на јавната хигиена** |

**Краток опис на проектот:**
Изградба на колекторски крак Ложани-Велешта (приклучување во пречистителна станица), дефинирање на локација, регулирање на сопственоста на земјиштето, предмер-пресметка, градежно-технички проект и обезбедување на потребните дозволи. Се работи за изградба на секундарен колектор за собирање на фекалните води од интерните канализациони системи кои се изградени и кои дополнително може да се изградат. Се однесува на можноста за собирање на канализационите води од населените места Велешта, Ложани, Долна Белица, Октиси, Вевчани, Враништа, Ложан. Со дополнителни активности, кон оваа колекторска мрежа можат да се приклучат и населените места во регионот на Лабуништа.

**Очекувани резултати:**
- подобрување на квалитетот на водите во р. Црн Дрим и во Глобочичко Езеро
- зголемување на квалитетот на животот во наведените населени места
- намалување на стапката на миграција и имиграција
- намалување на болестите кои се последица од контакт со фекалии

**Целни групи:**
- населението во регионот на с. Велешта
- населението по должина на реката Црн Дрим, Глобочичкото и Дебарското Езеро

**Можни учесници:**
- Општината и МЈП Проаква / европски агенции, интернационални еколошки организации, Владата на РМ и соодветните министерства

**Придонес од реализацијата на проектот:**
- Изработка на градежно решение, обезбедување на потребните дозволи и согласности

**Предуслови за реализација на проектот:**
- градежно-техничка документација, дозвола за градба, тим, финансии

**Фактори на ризик:**
- Потребите од експропријација и трошоците за прекоп во приватното земјиште, капацитетот на пречистителната станица, трошоци за ел. енергија за пумпни станици

**Предвидени трошоци:** 700.000 €

**План за имплементација** | **Лице за контакт:**

| **Трошоци (фондови/ресурси)** | **Финансиски ресурси** | **Проектирана сума** | **Обезбедена сума** |
|---|---|---|---|
| | **Локална самоуправа** | | |
| | **Централна власт** | | |
| | **Донатори:** | | |
| | **Други извори** | | |
| | **ВКУПНО:** | | |

**Време на имплементација:** **Долгорочно**

## Проект 10: | Вид на програма

**Изградба на фекална канализација во: УЕ 1, УЕ 2, УЕ 4, УЕ 5, УЕ 6, УЕ 7, УЕ 8, УЕ 9**

**Програма за развој на системите на фекална канализација и подобрување на јавната хигиена**

**Краток опис на проектот:**
Изработка на техничка документација, добивање на потребните дозволи, изградба на фекална канализација во: УЕ 1, УЕ 2, УЕ 4, УЕ 5, УЕ 6, УЕ 7, УЕ 8, УЕ 9. Тоа се урбани единици во градот во кои имаме одредени потези кои се уште не се реализирани, а дел од нив се наоѓаат во централното градско подрачје (каде има лоцирано поголем број туристички и деловни објекти). За нив постојат градежно-техничка документација и одобренија. Тие се важни од здравствен аспект и поради можноста за поплавување со фекалии во период на високи подземни води.

**Очекувани резултати:**
- подобрување на квалитетот за деловни активности и за живеење
- намалување на болестите како последица од контакт со фекални води
- подобрување на квалитетот на подземните води и на водата во езерото и во реката

**Целни групи:**
- граѓаните во урбаниот дел
- деловни и туристички субјекти
- децата

**Можни учесници:**
- Општината, МЈП, ЈКП, Министерството за транспорт и врски, Фондот за води, странски развојни организации

**Придонес од реализацијата на проектот:**
- Изработка на градежен проект, обезбедување на дозволи и согласности, финансиска партиципација

**Предуслови за реализација на проектот:**
- Локации, градежно-техничка документација, тим, финансии

**Фактори на ризик:**
- Дозволи за прекоп, неидентификувана подземна инфраструктура, финансиски трошоци

**Предвидени трошоци:** 145.000 €

**План за имплементација** | **Лице за контакт:**

| Трошоци (фондови/ресурси) | Финансиски ресурси | Проектирана сума | Обезбедена сума |
|---|---|---|---|
| | Локална самоуправа | | |
| | Централна власт | | |
| | Донатори: | | |
| | Други извори | | |
| | ВКУПНО: | | |

**Време на имплементација:** **Долгорочно**

| Проект 11: | Вид на програма |
|---|---|
| **Уредување на локација за Привремена депонија за цврст отпад** | **Програма за управување со цврст отпад** |

**Краток опис на проектот:**
Уредување на локација за Привремена депонија за цврст отпад - предмер-пресметка, градежно-технички проект и обезбедување на потребните дозволи

**Очекувани резултати:**
- уредена локација за соодветно депонирање на цврст отпад
- намалување на количините на отпад во дивите депонии
- подобра фреквенција на чистење на сметот
- подобрување на туристичкиот имиџ на Струга

**Целни групи:**
- граѓани од урбаниот и од приградскиот регион
- туристи и туристичко-деловни субјекти
- градежни фирми
- ЈП Комунално
- Општина Струга (администрација)

**Можни учесници:**
- Општината - Сектор за урбанизам, Одделот за ЛЕР и ЈП Комунално, приватни инвеститори, странски развојни организации

**Придонес од реализацијата на проектот:**
- Изнаоѓање локација, финансирање на студија, проектна документација, обезбедување дозволи и согласности

**Предуслови за реализација на проектот:**
- тим за имплементација, финансиски извори

**Фактори на ризик:**
- Обезбедување на потребните дозволи, изнаоѓање локација

**Предвидени трошоци:** 40.000 €

**План за имплементација** | **Лице за контакт:**

| Трошоци (фондови/ресурси) | Финансиски ресурси | Проектирана сума | Обезбедена сума |
|---|---|---|---|
| | Локална самоуправа | | |
| | Централна власт | | |
| | Донатори: | | |
| | Други извори | | |
| | ВКУПНО: | | |

**Време на имплементација:** **Долгорочно**

| Проект 12: | Вид на програма |
|---|---|
| **Изградба на Пазар за земјоделски производи на големо** | **Програма за подобрување на јавните сервиси** |

**Краток опис на проектот:**
Изградба на Пазар за земјоделски производи на големо, со предмер-пресметка, градежно-технички проект и обезбедување на потребните дозволи. Со неговата изградба се предвидува да се дислоцираат на локацијата кај поранешниот Сточен пазар сите товарни возила кои продаваат земјоделски производи на наведениот пазар, посебно во летниот период. На Пазарот што се предвидува да се изгради ќе бидат обезбедени соодветни хигиенско-технички услови за работа, а ЈП Комунално ќе може да ангажира дел од вработените. Освен тоа, ќе се намали сообраќајниот метеж во централниот дел на градот, а и ќе се ослободиме од грдата слика на лица кои продаваат и живеат во камиони без најосновни хигиенски услови.

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:**<br>• подобрување на туристичкиот имиџ<br>• намалување на сообраќајните метежи во централниот дел<br>• ослободување на паркинг-простори<br>• намалување на органскиот отпад во централниот дел на градот | **Целни групи:**<br>• продавачите на агропроизводи на големо<br>• туристичките субјекти<br>• туристите<br>• ЈП Комунално |
| **Можни учесници:**<br>• Општината Сектор за урбанизам и Одделот за ЛЕР, ЈП Комунално | **Придонес од реализацијата на проектот:**<br>• Изработка на градежно-техничка документација, обезбедување на локација и дозволи |
| **Предуслови за реализација на проектот:**<br>• градежно-техничка документација, тим, финансии, дозволи | **Фактори на ризик:**<br>• Почитување на решението сите товарни возила да се лоцираат на соодветниот пазар (соработка меѓу Општината и полицијата), финансиските капацитети на ЈП Комунално за управување, сообраќајно решение за пазарот |
| **Предвидени трошоци:** | 120.000 € |
| **План за имплементација** | **Лице за контакт:** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Трошоци (фондови/ресурси)** | **Финансиски ресурси** | **Проектирана сума** | **Обезбедена сума** |
| | **Локална самоуправа** | | |
| | **Централна власт** | | |
| | **Донатори:** | | |
| | **Други извори** | | |
| | **ВКУПНО:** | | |
| **Време на имплементација:** | | **Среднорочно** | |

## Проект 13: | Вид на програма

**Изработка на проект и изградба на Зелен пазар во источниот дел на градот** | **Програма за подобрување на јавните сервиси**

**Краток опис на проектот:**
